Билјана Шотаровска
Татјана Ѓеоргиевска

6

# ЗАПОЗНАВАЊЕ СО РЕЛИГИИТЕ

## за шесто одделение









Билјана Шотаровска
Татјана Ѓеоргиевска

# ЗАПОЗНАВАЊЕ СО РЕЛИГИИТЕ

## ЗА ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ



**Автори**
Билјана Шотаровска
Татјана Ѓеоргиевска

**Уредници**
Билјана Шотаровска
Татјана Ѓеоргиевска

**Рецензенти**
Трајче Стојанов
Лилјана Стефановска
Даниела Николова

**Јазичен лектор**
Емилија Величкова

**Компјутерска подготовка**
Баже Тофиловски

**Издавач:**
Министерство за образование и
наука на Република Северна Македонија

**Стручна редакција:**
Светлана Пандиловска Грнчаровска

**Графичко и техничко уредување:**
Арбериа Десигн - Тетово (Куштрим Арифи)

Со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија бр.10-1265/1 од 17.03.2010 година се одобрува употребата на овој учебник.
Со решение на Министерот за образование и наука на Република Северна Македонија бр.26-307/1 од 12.03.2020 година се продолжува важноста на Решението за одобрување и употребата на овој учебник.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
373.3.016:2(075.2)
ШОТАРОВСКА, Билјана
Запознавање со религиите за шесто одделение [Електронски извор] / Билјана Шотаровска, Татјана Ѓеоргиевска. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2022
Начин на пристапување (URL): https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk. - Текст во PDF формат, содржи 105 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 09.02.2022. - Лексикон на помалку познати поими: стр. 100-103
ISBN 978-608-273-035-6
1. Ѓеоргиевска, Татјана [автор]
COBISS.MK-ID 56325893

**Драги ученици!**

Почнува новата училишна година. Најверојатно сте нетрпеливи поради она што ве очекува оваа година во која започнува нов период во вашиот живот. Ќе се запознаете со нови наставни предмети, меѓу кои и предметот запознавање со религиите. Радосни сме што можеме да ви овозможиме нова книга за религиите, во согласност со новиот наставен план и програма за основно училиште. Се надеваме дека многумина кои ќе ја изберат ќе им помогне во изучувањето на верувањата, религиите, културите низ човековата цивилизација. Со помош на темите од овој предмет, но и темите од другите наставни предмети ќе се запознаете со светот во кој живеете. Станува збор за книга, односно збирка на текстови, фотографии и илустрации кои е потребно да се истражуваат, за кои вреди да се размислува и меѓусебно да се разговара, а не за книга која треба да се учи наизуст. Темите за кои ќе се разговара, размислува и учи се различни но, сите се сепак меѓусебно поврзани. Нашето заедничко патување го започнуваме запознавајќи ги древните верувања кои постоеле кај првобитниот човек, а потоа запознавање на различните антички и современи религии.

Се надеваме дека оваа книга со богатството од текстови, илустрации и фотографии ќе ви ја открие убавината на животот, пријателството, заедништвото, верувањата. Веруваме дека ќе ви помогне во изградување на вистинољубивоста, солидарноста, отвореноста кон сите оние со кои живееме и соработуваме. Лексиконот на помалку познати зборови и поими кои се наоѓаат на крајот од учебникот, може да ги користите за потсетување и повторување кога ќе имате потреба.



АЈДЕ ДА СЕ ДОГОВОРИМЕ ОД
ДЕНЕСКА САМО ВИСТИНА
ДА ГОВОРИМЕ

АЈДЕ ДА СЕ ДОГОВОРИМЕ
ОД ДЕНЕСКА МЕСТО МАКА
ДА СИ ПРУЖИМЕ РАКА

# ТЕМА 1. ОПРЕДЕЛБА НА ПОИМОТ РЕЛИГИЈА

Отсекогаш човекот сакал да си ги објасни појавите во светот што го опкружуваат. Сакал да ја дознае тајната за настанокот на животот. Овие прашања, стари колку и првиот човек на земјата, во почетокот, го натерале причините да ги побара во нешто *натприродно.*

- **Религиозност**
- **Што е религија?**
- **Определување на поимите политеизам и монотеизам**
- **Кога и каде настанале првите религиски верувања**
- **Човек - природа - природни сили**
- **Соработка и поврзаност, наместо разединетост**
- **Човештво**
- **Религијата и етиката**





# РЕЛИГИОЗНОСТ

## Потеклото на светот и смислата на постоењето

Создавањето на светот, на живите суштества и на сите нешта во него предизвикувало низа основни прашања, што човекот си ги поставувал од најдалечните времиња. Како и кога е создаден светот? Кој го создал човекот?

Човекот не престанал да се прашува од каде доаѓа и каде оди. Во таа потрага по одговор што ќе му ја открие или објасни смислата на неговото постоење, тој ги создал религиозните идеи, верувања и учења кои опстојуваат во светот уште од предисториското време.



Човекот не престанал да се прашува од каде доаѓа и каде оди



Како е создаден светот?



Примитивниот човек гледал на природните појави како на божествени појави

Покрај тоа што човекот е опкружен со прекрасна природа и сето добро околу него, не може да го негира присуството на злото и страдањето. Ги воочува природните катастрофи, болести, слабости и ги воочува проблемите во меѓучовечките односи (судири, насилство, војни, сиромаштија, глад и неправда).



Човекот се прашува:

Зошто е тоа така?

Од каде потекнува злото?

Како да се справам со страдањата?

Зошто животот не е секогаш убав?



Најсилна бура - торнадо

Верувањето во нешто натприродно му помагало на човекот да ги надмине опасностите и непознатото. Затоа велиме дека верувал во натприродното, кое немало физички (материјален) лик.

**Религиозноста** се појавила и како одговор на многу значајни прашања од животот, како што е верувањето во живот по смртта, што им помагало на луѓето полесно да се соочат со смртта. Свеста за смртта предизвикувала во човекот желба тоа да не биде крај на неговото постоење.



Човекот се прашува



**Научи повеќе:**

Истражувај дали постојат религиозни верувања и обичаи во секоја култура!



**Запомни:**

Религиозност значи дека човекот на некое натприродно суштество му придава возвишеност и моќ.



**Да размислиме и одговориме:**

1. Со кои прашања се соочувал човекот во минатото?
2. Дали тие прашања си ги поставува и денес?
3. Кои се причините за појавата на религијата?



Религијата е стара колку и човекот

Асоцијации за поимот религија!

Наоѓање на клучните поими за определување на поимот религија!

## ШТО Е РЕЛИГИЈА?

Оваа година ќе се запознаеме со некои важни светски религии. Ќе откриеме како тие можат да ги поврзат сите луѓе кои сакаат мир и правда. Самиот збор религија значи нишка која поврзува. Се прашуваме од кога и каде настанала религијата? **Религијата** е стара колку и човекот. Во различни облици религијата денес е распространета низ целиот свет во **сите општества и култури**.

Религијата може да биде начин на објаснување на многу тајни на животот како што се:

Како настанал светот и човекот?
Зошто светот е создаден?
Зошто постојат живот и смрт?
Што се случува кога луѓето ќе умрат?
Зошто постои страдање?

Како настанувааат одредени појави во природата (громотевици, дожд, ветрови, поплави, земјотреси и сл.)?

Од каде потекнуваат доброто и злото?

Барајќи одговор на овие прашања човекот почнува да верува се со цел да го осмисли она со кое мора да живее.



Поврзаноста на човекот со светот

Религијата вклучува во себе одговор на некои прашања кои ги поставува и науката.

Тоа се длабоки и тешки прашања.

Покрај овие прашања, религијата исто така се занимава и со **однесувањето на човекот**. Го вреднува и насочува неговото однесување кон праведност.

Зборот религија води потекло од латинскиот збор religare ,што значи повторно ,,поврзување”.

Сите религии имаат Бог. Постојат 3 групи на теории за религијата. Првата е дека религијата е изум на една (обично владејачка) група луѓе за да ја оправдаат својата власт. Втората, дека е суштинска карактеристика на човековото суштество. Третата е човечка склоност кон откривање, односно непознавање на природните сили и закони.

## *ОПРЕДЕЛБА НА ПОИМОТ РЕЛИГИЈА*

Религијата признава постоење на два света, физички (реален - материјален) и надреален (духовен - нематеријален) свет.

Му дава предност на духовниот свет и го одредува како основа на се што постои.

Пример: Како што производите кои ги создава човекот имаат творец-создавач, така и според религијата светот и човекот имаат свој творец Бог.

Со развојот на човековата свест покрај религиозните се развиле и научни објаснувања како одговор за настанокот на светот и појавите во него.



Нашиот универзум

**Религијата е систем на идеи и збир на чувства кои суштината на светот ја објаснуваат со натприродното. Верувањето и чувствувањето претставуваат незабиоколив дел од религијата.**

Религијата може да се сфати како човекова потреба за сигурност или како извор на доброто, вистинското и праведното. Таа зазема значајно место во културата на модерниот и современиот човек. **Ритуалите**, **симболите**, **обредите**, се исто така составен дел од религијата. Дали сте слушнале за зборот ритуал?



Древни ритуали на повикување на дожд

### Научи повеќе:

Мал истражувачки проект со цел да откриете што е тоа религија!

Користете интернет, книги-енциклопедии, извадоци од списанија.

Пронајди ја и анализирај ја Дарвиновата теоријата за создавање на човекот наспроти религиозната.

### Размисли и одговори:

Што значи поимот религија?

Објасни со свои зборови што е религија!

Наведи примери за ритуали и обичаи!

### Запомни:

**Поим религија**: Стапување на човекот во однос со нешто натприродно со цел да пронајде некаква смисла. Религијата е поинаква за различни луѓе и култури. Некои религии се во голем дел во културата на луѓето и таа не претставува само религија, туку и духовна традиција на некоја култура.

# ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ МОНОТЕИЗАМ И ПОЛИТЕИЗАМ

## Поим за Бог

**Бог** се опишува како совршено, натчовечко и натприродно суштество. Религиозните луѓе веруваат дека тој го создал универзумот. Во некои религии на Бог му се придаваат човечки особини додека други сметаат дека е навредливо и невозможно да се замисли Бог во физичка форма. Некои сметаат дека Бог е нешто добро, а други дека Бог е нешто повеќе од човековите сфаќања за доброто.

Меѓу луѓето постои различна размисла и убеденост во врска со прашањето Дали Бог постои? Според одговорите се разликуваат две гледишта. Едното гледиште е она според кое не се верува во постоењето на Бог. Тоа се нарекува атеизам. Доаѓа од сарогрчките зборови а-што значи **не** и тео што заначи **Бог**. Што би се превело како непостоење на Бог. Луѓето кои не веруваат во постоењето на Бог се нарекуваат **атеисти**. Оние пак кои веруваат во божјото постоење се нарекуваат **теисти**.

- **Теизам** - верување во Бог или божества;

  **Атеизам** - неверување во Бог, (за кого религијата е правила на однесување).



Словенскиот бог Перун, громовник, владетел на небото

## Политеизам

Верувањето во повеќе богови се нарекува политеизам. Самиот поим доаѓа од зборот „поли“ што значи **многу** и „тео“-**Бог**. Што би се превело како повеќе богови. Политеизмот е карактеристечен за старите пагански религии кои се повеќе ритуални и обредни. Такви религии постоеле во Античка Грција, Рим, Египет и др. Во некои политеистички религии боговите се претставени со човечки лик како во Хеленската митологија, Римската митологија, а во некои религии се претставени во вид на животно. Тие имаат посебен Бог за одредена значајна работа од животот. Атина – божица на правдата, Деметра – божица на пролетта, Афродита – божица на убавината, Хад – бог на подземјето и др. Ова се примери од културата на античките Грци. Кај Старите Словени се појавила цела низа на божества и божествени ликови, добри и зли. Меѓу нив бил и богот Перун, громовник, владетел на небото, кој го пуштал дождот да ја оплоди земјата. Велес е словенскиот бог на земјата, водите и на подземниот свет. Бил замислуван како голема змија со рогови и долга брада. Исто така и Старите Египјани биле многубожни, а нивиот врховен бог бил Амон – Ра , бог на сонцето.

За првобитните политеистички религии специфично е идолопоклонството, што значи поклонување кон божествата на кои им граделе храмови , скулптури и им се поклонувале на предмети како кон божество .

## Монотеизам

Монотеистички религии се оние религии кои веруваат во **еден единствен Бог**. Зборот монотеизам потекнува од два збора, моно=еден, тео=Бог. Што би се превело како еднобоштво.
Веруваат дека создавач на светот и човекот е еден Бог. Такви религии се **јудаизмот, христијанството и исламот**.
Најзначајни разлики помеѓу политеистичките и монотеистичките религии е моралот односно етиката. Доброто и злото се основни прашања кои се појавуваат во монотеистичките религии.
Верувањето во идоли односно идолопоклонството во монотеизмот се отфрла.

**Научи повеќе:**

Пронајди неколку политеистички религии и направи постер за нив. Истражувај дали денес е пораспространет монотеизмот или политеизмот. Дознај нешто повеќе за верувањата на нашите простори пред појавата на монотеизмот.

**Да размислиме и разговараме:**

Направи споредба на монотеизам и политеизам!

По што се разликуваат тие?

Дали денес постојат луѓе кои веруваат во повеќе богови?

Одбери некој бог од политеистичките религии и направи есеј за него!

Замоли ја наставничката да ви раскаже нешто повеќе за некој бог / божица од политеистичките религии!

**Запомни:**

Политеизам - повеќебоштво; признавање и почитување на повеќе богови.

Монотеизам - еднобоштво; верување во постоењето на еден бог.

- политеистички религии (верување во повеќе богови)

  монотеистички религии (верување во еден единствен Бог)

- *mono=еден
  *poli=многу
  *teo=Бог

- Божества-име за боговите или духовите во примитивните религии



Римска статуа на Атина, Божица на мудроста



Хорус - Бог од древниот Египет

# КОГА И КАДЕ НАСТАНАЛЕ ПРВИТЕ РЕЛИГИСКИ ВЕРУВАЊА?

Не знаеме точно да одговориме на прашањето каде и кога настанала религијата. Врз основа на различни остатоци од далечната историја со сигурност можеме да кажеме дека религијата има долга историја. Трае онолку колку што трае и историјата на човештото.

Ајде да откриеме кога и каде настанала религијата...

Многу одамна луѓето верувале во натприродни суштества и појави. Верувањето во натприродни суштества и појави датираат уште од предисторискиот период, односно **од самата појава на човекот**. Во почетокот човекот бил ловец. Тој верувал во постоење на натприродни сили кои му помагале во ловот. Тоа најдобро го покажуваат цртежите кои се наоѓаат на ѕидовите на пештерите на кои се претставени животни и сцени од ловот. Околу таквите слики со сцени на лов, луѓето играле и пееле, имитирајќи го ловот.





Цртежи од пештерата Алтамира во Шпанија

**Религијата во стариот и младиот палеолит (камено време)**

Корените на религиските верувања, науките го бараат во примитивните култури кои уште се означуваат како предисториски, дивјачки и нецивилизирани, култури без писмо, итн.



Примитивен човек



Илустрација на првобитни живеалишта

Предисторија се нарекува оној период од човештвото во кој не било познато писмото. Во предисторијата нема записи за верувањата, митовите и ритуалите. Периодот на писменоста во стариот свет започнал околу 3000 г. п.н.е., а со тоа и ерата на големите древни цивилизации. Од голема важност се пронајдените гробници со предмети и жртвени дарови. Овие предисториски пронајдоци укажуваат на постоењето на религии кај првобитниот човек.

Додека човекот ловел животни за да преживее, неговата зависност од природните сили била мала, бидејќи успешноста во ловот зависела од неговата сила и вештина. Примитивните ловци ги сметале животните за слични на луѓето, но надарени со натприродна моќ. Верувале дека човекот по смртта може да се претвори во животно и обратно, дека душата на умрениот може да премине кај животното. Постоело верување во задгробен живот.



Примитивни облици на гробници

- Примитивни религии - религии на многу племенски народи.

За религиозниот живот на прачовекот сведочат и големиот број гробници и храмови. Начинот на погребувањето на луѓето и обредните ритуали укажуваат на верувањето дека со смртта тие не умираат туку се селат во друг свет. Ова укажува дека постоело верување во **бесмртност**. Од тој период се среќаваат и бројни ликови - идоли на кои луѓето им се поклонувале. Пр. женската статуа - божицата на плодноста и бикот со човечка маска - симбол на плодноста. Подоцна кога почнале да ја обработуваат земјата се поклонувале на божествата на сонцето и дождот. Во тој период луѓето зависеле од тоа колку ќе биде плодна земјата, никнувањето и созревањето на растенијата.

**Научи повеќе:**

Мини истражување на религиите или духовните традиции на домородците.

Насоки: Одберете религија или духовна традиција за која не знаете, а сте слушнале или од некоја причина сакате да дознаете повеќе.

Прочитајте го своето истражување пред другите ученици, или разменете ги своите трудови со другите ученици за да дознаете повеќе за религиите кои тие ги избрале.

**Размисли и одговори:**

Кога настанале првите религиозни верувања?

Кој период се означува како предисторија?

Од каде дознаваме за верувањата на примитивниот човек?

# ЧОВЕК - ПРИРОДА - ПРИРОДНИ СИЛИ

## Зошто настанала религијата?

Значајно за овие верувања е да се сфати како живеел човекот во такви услови, без помошта на знаењата, науката и технологијата која што ја имаме денес. Иако човекот во тие заедници се наоѓал во состојба на најмалку знаења за природата, сепак тој морал некако да си ја објасни. Што значи наша прва задача е да видиме како тој размислувал за неа. Што претставувала таа?

Пред многу илјади години луѓето живееле во пештери и не знаеле што е тоа оган. Случувањата, како ударот на гром во дрво, предизвикувало страв кај нив и се прашувале: ,,Кој е тој толку силен кој може да прати таква молња”? Мора да е суштество многу посилно од нас! Сигурно е Бог кога може да прати стрели од ,,оган на земјата”. Се плашеле па затоа и му принесувале жртви за да се здобијат со неговата милост.



Како првобитниот човек гледал на природните појави



Бура



Суша

Во природата постојано гледал раѓање на облици. Покрај тоа што човекот најчесто бил несигурен, загрижен и обземен со страв, не можел а да не се восхитува и чуди на разновидните облици и форми кои се појавувале и исчезнувале. Се плашел од громот, се чудел на ѕвезденото небо во ноќта, се восхитувал на природните убавини итн.

Во далечното минато луѓето до храна доаѓале преку лов. Дивите животни биле неопходни за нивниот живот. Биле силни и опасни. Па затоа мислеле дека во нив се наоѓа силен Бог. Некои народи се поклонувале на сонцето, месечината и ѕвездите. Истовремено чествувале различни божества: бог на дождот, бог на војната, бог на овчарите и многу други.

Многу племенски народи живееле поврзани со природата и ја чувствувале нејзината таинствена моќ. Природните појави  како што се бура, глад, болест, земјотреси се сметале за **зли сили**. Верувале дека позади тие сили се кријат духови. Не можејќи да ги објасни и разбере причините за природните појави човекот чувствувал страв и немоќ. Тој не знаел да ги предвиди последиците од нив. Во такви услови луѓето се чувствувале беспомошни, осамени, вознемирени и тешко можеле да се справат во нив.



Надоаѓање на водата



Виножито - Ѕуница

**Размисли и разговарај!**

1. Каде  луѓето го барале Бог во примитивните времиња?
2. Нацртај некоја сцена од верувањата на примитивниот човек и презентирај!
3. Изнеси свој став за тоа дали верувањата, религијата, произлегла меѓу другото и од човековото незнаење и копнеж по вечен живот?

**Научи повеќе:**

Обиди се да пронајдеш податоци од интернет или некоја книга за култот на сонцето кај старите Македонци. „Големата Божица Мајка“.



# СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ, НАМЕСТО РАЗЕДИНЕТОСТ

**Без разлика на верата сите сме исти**

Постојат ралични народи кои со себе носат многу обичаи, верска припадност и различен јазик на кој зборуваат. Светот е разнобоен цвет во којшто секое ливче претставува една култура. Во него живеат различни луѓе кои живеат во различни држави, но и во иста држава живеат различни нации и луѓе со различна вероисповед кои меѓусебно се дружат и разбираат.



Различни сме, а еден без друг не можеме



Светот им припаѓа на сите луѓе

**Различни сме**

Ако погледнеме наоколу (во семејството, во училиштето, во соседството...) можеме да забележиме колку сме различни. Се разликуваме по бојата на кожата, бојата на очите, висината и тежината. А различни сме  и по годините и изгледот. Различно размислуваме имаме различни ставови. Веруваме или неверуваме. Сепак убаво ни е заедно.  Еден без друг не можеме. На сите нас ни е потребно почитување и разбирање. Почитување и разбирање на другите. За да го оствариме тоа треба да ги почитуваме правилата на добрите меѓусебни односи.

Ајде да видиме на што не асоцираат поимите:

почитување/непочитување          праведно/неправедно

**Сите сакаме да се чувствуваме добро, па затоа треба да се придржуваме до некои важни правила за добри меѓучовечки односи.**

Еве неколку правила за добри меѓучовечки односи и добра работа во вашето одделение.

1. Почитувај го другиот, иако е различен по својата вероисповед;
2. Внимателно слушајте додека некој зборува;
3. Допушти им на другите да го искажат своето мислење до крај;
4. Не озборуварај;
5. Немој да ги исмејуваш недостатоците на другите;
6. Имај доверба во себе;
7. Радувај се и на туѓиот успех;
8. Биди добар другар и пријател и помагај кога некому треба помош;

9. Биди искрен другар.

10. Кога сакаш да кажеш нешто крени рака и зборувај слободно и искрено.

Запознавајќи се со религиите ќе воочиме разлики, но и сличности помеѓу нив. Како во практикувањето на религиозниот живот, така и во настојувањето за вистинска меѓусебна соработка со другите религии кои имаат еден Бог. **Соработката не значи одрекување од својата вера. Меѓусебното запознавање и почитување ни помага својата вера подобро да се запознае и доследно да се живее според она во што се верува**. Секоја религија осудува каков било облик на непочитување кое се спроведува поради раса, вера, општествена положба и сл. Примерите од историјата покажуваат дека не секогаш луѓето се однесуваат толерантно кон другите, не живеат според моралните правила во светите книги. Потребно е да бидеме единствени во борбата за толеранција, меѓусебна соработка и солидарност.

**Научи повеќе:**

Пронајди и исечи фотографии од весници за што повеќе различни луѓе кои живеат во нашата држава. Кои разлики, а кои сличности ги воочуваш кај нив? Од исечените фотографии можеш да направиш колаж на тема: ,,Различноста е богатство”.

**Запомни:**

Почитувањето на правилата е предуслов за добри меѓучовечки однос!



Ученици кои соработуваат

Напишете состав на тема: „Еден мал чекор во времето“

**Размисли и одговори:**

1. Размислете и дискутирајте како би изгледал светот кога би постоел мир помеѓу народите!
2. Како би се чувствувале луѓето тогаш?
3. Дали почитувањето на секоја религија ќе придонесе за повеќе мир помеѓу луѓето?
4. Дискутирајте за примери кога религијата била причина за судири!
5. Што треба да знаеме за верските конфликти да се избегнат?
6. Демонстрирајте ситуација во која сте се однесувале добро. Својот позитивен пример раскажете го во своите семејства!

## ЧОВЕШТВО

Блескави мисли

**Заштитувај ги луѓето од неправда.
Цицерон

**Животот го ценам како единствено добро.
Сенека

**Од едно зло се раѓа друго.
Латинска поговорка

**Нека не те радува штетата на другиот.
Латинска поговорка



### Луѓето се заедно

Во животот среќаваме различни заедници, и ние сме една заедница. Што очекуваме од заедницата и што сме подготвени да направиме за секој од нас да се чувствува прифатен? Важно е дека можеме да сметаме едни на други, особено кога ни е потребна помош и кога другите од нас очекуваат да им помогнеме.

Како ние знаеме дека нешто е добро, а нешто друго лошо? Како да се стане среќен и задоволен човек? Што мора да правиме за тоа да го постигнеме? Каде е мојата среќа, моето добро? Гледаме дека сите луѓе на светот живеат и го бараат тоа задоволство на различни начини. Значи, луѓето треба да тежнеат кон нешто што се нарекува добро, кон нешто што им пружа задоволство, среќа и исполнување. Погрешното размислување нé води кон лошо. Така човекот размислувајќи создава систем на **морални вредности и правила** (морал) според кои ќе се однесува.



Споени дланки - симбол на заедништво

**Праведното** и **убавото** однесување не се производ исклучиво на современото општество. Историјата покажува дека луѓето размислувале за правдата стотици години наназад. Зачетоците се среќаваат во најголем број светски религии кои ја нагласуваат моралната страна на човекот и заедницата. Зло е она што се отфрла како

неприфатливо. Доброто е неговата спротивност. Што значи моралот? Моралот дава насоки за тоа што е добро, а што зло за заедницата и за поединецот во неа. Моралните правила можат да бидат пишани закони, пишани или непишани обичаи. На тој начин се регулираат меѓучовечките односи. Моралните правила се разликуваат и во различни времиња и култури.




**Научи повеќе:**

Пронајди некои мисли и крилатици за добрината. Напиши своја порака (мото)!

**Размисли и одговори:**

1. Кое правило ќе го истакнете за добрите меѓучовечки односи?
2. Наведи примери за добро однесување!
3. Опиши ситуација за која можеме да кажеме дека е морална!
4. Предложи да се одржи дискусија во твојата паралелка за некој проблем и обидете се да го разрешите на мирен начин.

**Запомни:**

**Моралот** - е збир на непишани правила, обичаи, навики и норми кои се прифатени во животот на некоја заедница. Моралот одредува какво треба да биде човековото дејствување, а припадниците на заедницата ги прифаќаат тие принципи како соодветни, на тој начин регулирајќи ги меѓучовечките односи.

# РЕЛИГИЈАТА И ЕТИКАТА

Значењето на религијата во светската историја е огромно. Иако постојат различни размислувања за големината на тоа значење, сепак несомнено е дека тоа постои. Во историјата на секој народ религијата е основната, првата духовна вредност од која се развива тој самиот. Или со други зборови не постои народ, цивилизација која нема религија. Тоа се однесува од најпримитивните племиња, па се до денешните општества.

Етиката како учење за доброто и злото е најсуштинскиот, најважниот дел од човековиот живот.

**Етиката е јадрото на секоја религија** која што го упатува човекот во животот. Таа го учи човекот како да се однесува, да се почувствува вреден, значаен, да знае да одбира, а со тоа да се промени кон подобро.



Добрите мисли водат кон поврзаност

Во неа можеме да сретнеме правила кон кои треба да се придржуваме. Таа проповеда одредени начела, морални правила и придржување кон нив, со цел човекот да биде спасен. Но историјата на религиите покажува дека религијата отсекогаш немала таква етичка функција. Првобитното свето (суштество) не означувало истовремено и добро, туку нешто строго, нешто пред што се трепери (стравува). Во грчката и римската митологија боговите не биле апсолутно добри (беспрекорни), туку имале човечки недостатоци, слабости (љубомора, потсмев и сл.) Дури во монотеистичките религии, Бог претставува апсолутно добро и тој е замислен како морален судија кој наградува за добро и казнува за лошо.

**Десетте Божји заповеди** кои понатаму ќе ги изучуваме се првите пишани морални закони и темел на слободата во форма на прописи и норми. Објавени на Мојсеј на Синајската Гора во Палестина. Религијата и моралот меѓусебно се

надополнуваат, сметајќи дека човекот првенствено е морално суштество - воздигнато над природните нагони и инстинкти. Моралот зазема средишно место во христијанскиот живот. Извори на христијанскиот морал се Стариот и Новиот завет. Од Стариот завет прифатен е ,,Декалогот” или Десетте Божји заповеди. Исто така **Коранот** го содржи основното етичко начело прави добро, а избегнувај зло.



### Научи повеќе:

Златното правило постои речиси во сите религии во различен облик.
Еве некои од нив:

-од конфучијанството;
Никогаш не прави го на другите она што не сакаш да ти го прават тебе.

-од исламот;
Не е верник оној кој нема љубов за ближниот како што има љубов за себе.

-од будизмот;
Не ги повредувајте другите на начин за кој самите знаете дека повредува.

-од хиндуизмот;
Не правете ништо што на другите може да им предизвика болка.

-од јудаизмот;
Она што е лошо не прави го на другите.

-од христијанството;
Немој кон другите да се однесуваш како што не би сакал кон тебе.

### Размисли и одговори:

Каква е разликата помеѓу вистината и лагата?

Зошто некои луѓе лажат? Што е морал?

Размислете дали може преку религијата да им се помогне на луѓето во светот?

### Запомни:

Религијата вклучува во себе етика.

Етиката е начин на размислување околу прашањата за доброто и за злото. Задача на етиката е да укаже на вистинските вредности. Заложувај се секогаш да ја бараш и кажуваш вистината, да бидеш солидарен и праведен.

# *ТЕМА 2. ПРВИТЕ РЕЛИГИОЗНИ ВЕРУВАЊА*

- **Анимизам**
- **Тотемизам**
- **Систем на посебни забрани - табу**
- **Бајка**
- **Што се митови?**
- **Митолошки суштества**
- **Магија**
- **Магија, религија, наука**





# АНИМИЗАМ

Веќе кажавме дека уште многу одамна луѓето верувале во натприродни суштества и појави.

Но едно од најраспространетите верувања кај првобитниот човек е верувањето во постоење на **духови** и **души**. Еве едно суеверие кое останало од едно вакво верување.



Остатоци од древен анимизам

### Чукни во дрво

Ова суеверие е најзастапен вид во нашите краеви. Секојпат кога некој ќе каже нешто добро или ако му се случи нешто добро, тој ќе тропне во дрво и ќе каже ,,да тропнам во дрво да не слушне злото".

Ова потекнува од старото верување дека боговите живееле во дрвјата и шумите. Кога некој доаѓал да моли да му се исполни некоја желба кај некои од боговите за нешто, требал најпрвин да ја допре кората на тоа дрво. Доколку таа желба подоцна му се исполни, тој повторно доаѓал до тоа дрво да тропне во него, што било порака до богот дека желбата се исполнила, а истовремено и благодарност. Истовремено постоело и верувањето дека околу дрвјата летаат духови кои се љубоморни на човековата среќа. Тропањето во дрво значело и да се ,,оглуват", тие духови, како не би слушнале дека желбата е исполнета.

Ваквото верување дека душата е способна да живее одделно од човекот, животните и растенијата, дека истата може да се спојува со нив, но и да се одделува, се вика **анимизам**. Ова верување било најраспространето верување кај првобитниот човек.



Лош дух од Гренланд

Важноста на анимизмот како религиско верување е во тоа што човекот верувал дека сите појави, предмети, суштества во природата постојат вечно. Тие не исчезнуваат, не умираат туку се сокриваат од него.

**Анимизмот во најраната форма значел верување во духови**. Светот на првобитниот човек бил населен со тие духови. Првобитниот човек нив ги препознавал во ехото, одразот на неговиот лик во вода, специфичните шумови, виножитото на небото и сл. Тие според првобитниот човек не се телесни и не можат да се допрат, но постојано се покрај нас и имаат влијание врз животот. Духовите во кои верувале се дел од природата, тие се недопирливи, можат да

живееат во каменот, дрвото или во некој друг предмет. Светот на духовите е невидлив свет. Подоцна тој невидлив свет станал таинствена сила и се поделил на добри и лоши духови. За добри ги сметале оние кои им носеле корист (сонцето, дождот), а за лоши оние од кои трпеле штети (грмотевиците, поплавите, градот и др.).

Пример 1

Во оној момент кога ќе почне да се сокрива душата на сонцето и на неговото место ќе се појави душата на облакот, тогаш ќе се појави и душата на дождот.

Пример 2


Снежна покривка

Во оној момент кога ќе почне да се сокрива душата на снегот (со други зборови кога ќе почне да се топи снегот), тогаш се појавува душата на цвеќињата. Тогаш верувале дека се појавува душата на пролетта, а се сокрива душата на зимата.

Повисок степен на развој на анимизмот е верувањето дека душата живее самостојно. Првобитниот човек мислел дека со разни физиолошки појави (сонот, смртта, последниот здив), управуваат посебни духови од чија волја зависел животот на човекот. Душата може да се преселува во други луѓе, во животни, растенија и предмети. Се мислело дека душата како **двојник на телото** му дава живот.

Денес знаеме дека сонцето, громот се само природни појави.

**Научи повеќе:**

Истражување за Вевчанскиот карневал. Дали корените на Вевчанскиот карневал водат потекло од слично верување? Што мислите дали денес анимизмот е жив?

**Размисли и одговори:**

1. Какво верување е анимизам?
2. Дали знаеш некое верување поврзано со анимизмот?
3. Раскажи го филмот „Каспер", и продискутирај за него со своите соученици и наставникот!
4. Кои духови во анимизмот ги сметале за добри, а кои за лоши и зошто?

**Запомни:**

Верувањето дека душата е способна да живее одделно од човекот, животните и растенијата, дека истата може да се спојува, но и да се одделува од нив се вика анимизам.

# ТОТЕМИЗАМ



Тотем кај индијанско племе.

Ајде да се вратиме во далечното минато кога луѓето доаѓале до храна со лов. Примитивните луѓе си мислеле дека во дивите животни се наоѓа некој силен бог. Кога сакале да нацртаат божество, го прикажувале во облик на животно. И денес во некои пештери можат да се видат некои слики и цртежи на такви животни. А токму тие цртежи и слики ни зборуваат за религиозноста на тие луѓе. Постоело верување дека одредена група на луѓе потекнува (е во сродство) од некое животно, но имало случаи кога тоа е растение или предмет. Покрај тоа што примтивниот човек мислел дека потекнува од својот тотем, тој кон него имал и посебен однос. Тотемот за него претставувал свето нешто кое не смеел да го јаде и убива. Тој во природата го заштитувал и одгледувал. Покрај тоа човекот верувал дека тотемот му помагал во животот па затоа правел ритуали за него и му се молел. Доколку се случело некој да го убие својот тотем тогаш се верувало дека ќе се случи голема несреќа на племето. Ова верување се нарекува **тотемизам**. Самиот збор потекнува од зборот **тотем** што на јазикот на северноамериканските индијанци значи сродство (предок). Изборот на тотемот зависел од начинот на кој групата се стекнувала со средства



Маска на мечката гризли, која се носи на ритуалните танцови од северозападниот брег



Тотемски предмет

за живот. За оние кои се занимавале со риболов, рибите или некое друго водно животно претставувало тотем (крокодил, морска птица).

Племињата во овие општества и самите едни од други се разликувале според својот тотем. Па така постоеле племето лав, кенгур, бик, сокол, јаболко, сонце итн. Со тоа се зачувувал родот и свеста за своето племе.

Членот на групата, кој припаѓал на тотемот на пример кенгур, се сметал себе си за кенгур, како и останатите членови на групата за кенгури.

Тотемските групи ги делеле луѓето на свои и туѓи. Со тотемизмот се поврзани и определени ограничувања во однесувањето и комуницирањето. На пример маж и жена од иста тотемска група не можат да стапат во брак. Тие еден за друг се табу.


Тотемски предмет

Многу од овие верувања опстојуваат и денес. Ние пронаоѓаме конкретни примери на изменет тотемизам и денес. Така на пример денес постојат многу народи кои на своето знаме или грб имаат животно или предмет кои што имаат голема важност за нивната посебност и постоење. Неколку држави Албанија, Србија, Црна Гора имаат орел на своето знаме. Англичаните долго време а и денес за свој амблем го имаат змејот. На Франција амблемот и е петел. Античките Македонци на својот грб го имаат лавот. Старите Римјани имале посебен однос кон волчицата.

**Размисли и одговори:**

Што е тоа тотем? Како се правел изборот на тотемот?

Кратко опиши во што сé верувале луѓето пред многу илјади години.

Анализирај дали постоеле некои забрани во племето.

Изнеси сопствено мислење за верувањето во моќта на некои предмети кај современиот човек.

**Научи повеќе:**

- Изработи некој тотем од глина.
- Истражувај за тотемски предмети кај индијанците.

**Запомни:**

Тотемизмот е верување дека одредена група на луѓе потекнува (е во сродство) од некое животно, растение или предмет.

# СИСТЕМ НА ПОСЕБНИ ЗАБРАНИ - ТАБУ

Дали сте го слушнале зборот табу? Што значи тоа? Дали знаете дека зборот табу во Англија бил донесен од капетанот Џејмс Кук во 1777 година, по неговото враќање од јужните мориња. Еден од најстарите табуа е стапување во брак со роднини од племето. Денес во преносно значење табу значи нешто што не смее да се допира или нешто што е забрането да се зборува.

Табуто се јавува во Полинезија, значењето на зборот **табу** може да се преведе од полинезиски буквално како **недофатно**, односно **забрането**.

Кај примитивните народи значел забрана која се однесувала на некое животно, растение, предмет, забрана за убивање, исхрана или говорење. Најчесто тотемот претставува табу. Но и оние појави кои имаат негативно делување за човекот имаат карактеристика на табу.

Прекршувањето на табуто претставувало голема грешка, на ниво на денешните противзаконски дејствија, и повлекувало сурови казни.

Во Полинезија системот на забрани ги опфаќал сите сфери на животот. Табуто се јавувало како единствена форма на регулирање на односите, заменувајќи го сето она што во современото општество претставува моралот, религијата и правото. Со системот на табу, односно на забрани се уредувало, што припадникот на одредена група смее, и особено што не смее да работи (храна, брачни односи, работа во одредени денови и др.)



Знак за забрана

**Научи повеќе:**

Прибери податоци за одредени забрани коишто постојат денес!(од книги, енциклопедии, прашај ги родителите...) Дали денес е забрането да се зборува за некои теми?

**Размисли и одговори:**

1. Што значи зборот табу?
2. Од каде потекнува овој збор?
3. Што се сметало за табу во тотемизмот?
4. Дали имало некои последици за оној кој ќе го прекрши табуто?

# БАЈКА

Бајките биле создадени под влијание на усната традиција. Во заплетот на бајките секогаш има судир помеѓу доброто и злото, кои обично завршуваат со среќен крај. Секоја култура и географски регион на светот има свои народни бајки, но мотивите се повторуваат во многу култури. Во нив се испреплетени човековите емоции, како што се љубовта, храброста, добрината и сл.

Беше еднаш во едно царство...

**Каде се зборува за самовили, за принцови и принцези или пак за волшебни ламби?**

**Бајката**, ги опишува случувањата кои се однесуваат на самовили или други видови натприродни суштества (некогаш добри, а некогаш кон луѓето лошо настроени), како на пример џуџиња, гоблини, тролови, сирени, вештерки и сл., кои најчесто се многу помали од луѓето. Но понекогаш бајките вклучуваат и натприродни случувања кои ги доживуваат децата, младите луѓе и сл. Исто како и бајките, и митовите зборуваат за натприродни случувања. Но, за разлика од митовите, бајките се случуваат во неопределено време и простор (на пр., ,,Беше еднаш во едно царство..” и сл.) и како најважно, тие немаат свет карактер, како што е тоа случај со митот, туку нивната улога е забавна и секогаш во себе носат поучна порака.

Бајките најчесто го привлекуваат вниманието на децата кои лесно ги разбираат ликовите во неа. Тие се инспирација и денес за голем број дела.



Слика на која е прикажана сцена од бајка

Усната традиција на бајката се појавува долго пред појавата на пишаните бајки. Наместо запишувани тие биле кажувани или прераскажувани, предавани од генерација на генерација. Најстарите напишани бајки потекнуваат од древниот Египет. Бајките кои се најдени низ многу различни култури имаат многу слични заплети, ликови и мотиви.

Ханс Кристијан Андерсен е познат писател на бајки. Роден е во Данска ,1805. Негови познати бајки се: ,, Малата сирена", ,, Палешка", и ,,Црвени чевличиња".

Јакоб и Вилхем Грим се браќа, родени во Германија кои исто така се меѓу најславните писатели на бајки. Збирката на браќата Грим ги вклучува и бајките ,,Пепелашка", и ,,Принцот жаба"...



Сцена од бајката - „Принцот жаба“

**Да размислиме и разговараме:**

1. Разговарајте за приказните и дали тие помагаат луѓето да се запознаат? Пронајдете сличности и разлики меѓу нив кај различни народи.
2. Што е бајка?
3. Нацртај стрип за некоја бајка, внимавајќи на редоследот на случувањата.
4. Направи постер за бајка или мит.

**Научи повеќе:**

Раскажи некое искуство кое си го имал во врска со емоциите кои се испреплетени во некоја бајка.

**Запомни:**

Бајките се приказни во кои се раскажува за реални и нереални суштества. Тие со себе носат поучна порака.

# ШТО СЕ МИТОВИ?

Во митовите се изразуваат првите обиди на човекот да го објасни светот.

Сега ќе ни објасни Смигл од „Господар на прстените”.

**Митовите** се приказни кои настојуваат да објаснат како функционира светот. Приказните се сместени таму во далечното минато. Луѓето отсекогаш имале прашања како што се: „Како настанал нашиот свет?”, или „Зошто постојат молњи?” Некои од митовите одговараат на овие прашања.



Смигл е чувар на знаењето.

Митот како средство на изразување постои во сите култури низ целиот свет. Без разлика на тоа дали тие култури си влијаат помеѓу себе или се раздалечени и временски и просторно, митот насекаде постои. Тој постои кај Античките Грци, во Римското царство, кај Старите Словени, меѓу Викинзите и Келтите, во Индија, но постои и помеѓу оние култури за кои се смета дека немале никакви допирни точки со овие цивилизации, а такви се Инките и Маите во Јужна Америка. Што значи митовите се нужна појава на културите на сите народи во светот.

Во нив, боговите или „супер суштествата” ги користат своите моќи за да се случуваат некои работи, или приказните се авантури на боговите, божиците, полубоговите и хероите. Тие можат да зборуваат за **настанувањето** на светот, можат да бидат за **победата**, за **трагедијата** (губење на нешто), **честа** (да се направи вистинското нешто). Ширум светот, митовите станале дел од човековата култура. Поминале од генерација на генерација. Слични митови има во многу култури, со промена на случувањата или карактерите. На пр. повеќето култури, народи или групи луѓе имаат свои митови (верзии на митови), како настанал светот. За луѓето во тоа време митовите биле како науката бидејќи давале објаснување за некои случувања. Денес знаеме дека митовите не се вистинити. Некои приказни можат да изгледаат невозможни, а науката ни дава поразлични објаснувања за некои наши прашања. Но, луѓето во светот и понатаму сакаат да ги читаат митовите и сакаат да размислуваат за нивното значење.

Зборот „**мит**”, потекнува од грчкиот збор „mythos”, што значи „усно”.

Митовите ги среќаваме и во цртаните филмови. Го имаме гледано Херкулес, а во филмот ,,Господар на прстените”, ни се раскажува за настанокот на светот.

Збирот од митови од некои религии, етнички заедници и географски целини се нарекува **митологија**.

Некои од тие митови ни зборуваат за **настанувањето** на космосот - светот.



Зевс во облик на бик и Европа



Храм на Минерва (Рим)



Зевс - врховен Бог од хеленската митологија

Приказните во кои учесници се натприродни суштества (богови, херои, полубогови и сл.) се нарекуваат митови. Митот според потеклото на неговото име наједноставно се објаснува како приказна, она што се кажува, раскажува, прераскажува.

Во некои од таквите митови земјата е почеток на сите нешта, од земјата настанало сѐ што постои. Додека пак во други среќаваме дека од водата настанува сѐ или од некое космичко јајце.

Постојат и митови кои го објаснуваат **потеклото** на некои нешта, на пр. пченката, тутунот, водата, животните или кои зборуваат за потеклото на огнот (митот за Прометеј), за потеклото на болестите и страдањата (митот за Пандорината кутија) и сл. Овие митови ги има во сите митологии, со тоа што во некои системи преовладуваат одредени митови кои се поважни. На пример во митовите во Америка најважни се митовите за потеклото на пченката (како основен прехрамбен продукт), во иста смисла во која е и најважен богот на дождот (како неопходен за растот на пченката).

**Разликата од обичната приказна, бајката, митот ја има поради тоа што тој ги изразува суштинските, најважните работи од животот и светот. Така на пример во нив се говори за настанокот на светот, за моќта на природата, за човековото потекло итн.**



Судбината на луѓето била во рацете на боговите

**Научи повеќе:**

Истражете зошто во секоја религија, традиција има приказни за создавањето на светот? Зошто постојат толку митови за настанокот на светот кои ги создавале различни народи од различни култури ширум светот?

Прочитај и разговарај за митот за настанокот на светот од кинеска митологија.

**Да размислиме и разговараме:**

1. Истражувај за митовите за настанокот на светот од различни народи и спореди ги.
2. Прочитај и разговарај за митот за златното јаболко.
3. Што е мит?
4. Дали денес постојат современи митови?
5. Наведи некои од нив.
6. Дискутирај во твојата паралелка за филмот ,,Господар на прстените"?
7. Направи Т - табела во која ќе ги наведеш карактеристиките на бајка и мит и воочи ја разликата помеѓу нив.



Бастед - божица од египетската митологија

**Пандорината кутија**

Пандора е жена на Епиметеј. Таа била предупредена од боговите да не ја отвара кутијата која ја добила во наследство. Пандора од љубопитност ја отворила и тогаш сите зла излегле на земјата – тагата, сиромаштијата, злото, гладта, болестите и др. Таа веднаш ја затворила а внатре на дното останала само надежта. Тогаш светот станал ладен и тажен полн со секакви зла, па затоа Пандора повторно ја отворила кутијата од која излегла надежта. Така човештвото и во лошите времиња ја има надежта.



Џон Вилијам, Пандорината кутија

## КАТЧЕ ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ

### Северноамерикански мит

Според овој мит гавранот го создал светот. Фрлал камчиња во океанот за да го создаде копното. Потоа ги создал дрвјата и тревата, рибите, птиците и животните. На крајот ги создал луѓето од глина и парчиња дрво.

### Нигериски мит

Во овој мит Мајката Военги седела на еден посебен камен и правела луѓе од грст земја. Луѓето, кои што сакале луксузен живот, ги ставала во еден брз и опасен поток, а другите во еден бистар, мирен поток.

### Јапонски мит

Јапонците сметале дека Земјата некогаш била маса без облик. Богот и божицата Изанаги и Изанами ја мешале таа маса со копје. Постепено масата се згуснувала, и паѓајки од копјето го создала островот. Богот и божицата се венчале, добиле деца кои станале осумте јапонски острови.

### Митот на Инките

Инките раскажуваат дека светот го создал „Творецот“, Виракоча. Виракоча ја создал земјата, ѕвездите, небото и луѓето.

# МИТОЛОШКИ СУШТЕСТВА

Митологијата е полна со интересни ликови; храбри херои,  богови и страшни чудовишта. Да се запознаеме со некои од нив...

Јунаците и боговите во античките митови се суштества кои доживеале неверојатни авантури и чудесни судбини. Иако тоа се суштества кои никогаш не живееле, тие преживеале илјадници години  и надживеале многу вистински јунаци, па дури и оние историски ликови кои самите се прогласувале за богови. Сите јунаци кои се застапени во античките митови ги создала фантазијата на старите народи, и тоа во времето пред пронаоѓањето на железниот плуг, а поголемиот број тогашни јунаци „живеат” и ден денес. Нивните имиња ги среќаваме во имињата на вселенските бродови, во делата на многу сликари и вајари, во астрономските атласи. Со нивните ликови, карактери и особини се среќаваме и во театарските претстави, во делата на музичката уметност, во секојдневниот разговор. Многу од античките јунаци „ќе живееат” во свеста на луѓето додека постои човештвото, бидејќи тие се општото добро на сите модерни култури и цивилизации. Особините, карактерот, авантурите и сé што се однесува на античките јунаци настанале врз основа на античките извори, како и големите научни литературни дела кои се занимаваат со ова подрачје.



Пегаз е крилестиот коњ од грчката митологија. Тој живеел на високите планини. Летал со брзина на ветрот. Според некои извори, Пегаз излегол (заедно со својот брат Хрисаор) од вратот на Медуза.

**Примери за митолошки суштества**

**Кентавр**

Според хеленската митологија, кентавротбил вид суштество, чијашто една половина била човек, а другата коњ. Живеел во рамнината на Тесалија, во средишниот дел на Грција и бил добро познат по својот разуздан и бунтовен темперамент.

**Химера**

Таа била чудовиште од женски пол, што голтало пламен и еден нејзин дел бил лав, еден коза и еден змија. Ја победил младиот воин Белерофон со помош на познатиот крилест коњ Пегаз.

**Сфинга**

Сфингата се вели дека била ќерка на Химера. Таа имала крилја, глава на жена, тело на лав и опашка на змија. Во градот Теба, според легендата, сфингата им поставувала загатки на патниците и доколку одговореле неточно, ги убивала.



Херкулес



Митолошко суштество - кентавр

**Феникс**

Во митологијата на старите Египќани, Феникс бил вечно жива птица. На секои 500 години самиот себеси се палел на голем оган и повторно оживувал подигнувајќи се од пепелта. Исто така, се верувало дека пепелта може да ги оживее мртвите, но и дека со солзите може да излечи каква било рана.

**Полубогови**

Полубоговите се суштества родени од божество и смртен човек. Меѓу најпознатите полубогови се: Прометеј, Херакле, Ахил, Пандора и други.

**Херкулес**

Херакло е попознат по римската верзија од неговото име – Херкулес. Бил полубог, а татко му бил Зевс, кралот на сите богови. Херакло бил неверојатно силен и храбар. Требало да исполни 12 задачи и во текот на својот живот поразил многу чудовишта.

**Горгони**

Горгоните биле ужасни женски чудовишта кои имале моќ да ги скаменат луѓето со само еден поглед. Имале змии наместо коса и канџи наместо прсти. Всушност, грчкиот збор gorgos значи ужасен. Медуза е името на најпознатата горгона. Била убиена од Персеј кој избегнал да биде претворен во камен користејќи огледало како штит.



Медуза - една од горгоните

**Минотаур**

Минотауроt бил половина човек половина бик. Имал опашка и глава на бик со огромни рогови. Живеел во лавиринт изграден од кралот Минос. Секои девет години Атињаните морале во лавиринтот да испратат 14 млади мажи и жени кои завршувале како негов ручек.

**Кербер**

Кербер бил триглаво куче-чувар на подземниот свет. Една од неговите глави секогаш била будна. Хракло успеал со голи раце да го фати Кербер и да го ослободи Тезеј од подземниот свет.

**Научи повеќе:**

Пронајди други митолошки суштества и напиши состав за некое од нив.

**Размисли и разговарај:**

1. Наброј неколку митолошки суштества!
2. Кои митолошки суштества ги знаеш од современата митологија?
3. Нацртај твое митолошко суштество и смисли мит за него!

**Запомни:**

Сите јунаци кои се застапени во античките митови ги создала фантазијата на старите народи, и тоа во времето пред пронаоѓањето на железниот плуг, а поголемиот број тогашни јунаци „живеат" и ден денес.

# МАГИЈА

Магијата претставува основна и практична дејност на примитивниот човек во светот. Зошто? Затоа што неговите знаења и орудија во таквите први заедници се неразвиени, но неговата потреба да дејствува во природата е голема. Во таквата неразвиена заедница, магијата е најважна дејност, преку која човекот дејствува на природата. Магијата произлегува од големата човекова желба и потреба да се дејствува на природата и нејзините појави.



Сцена од филмот „Хари Потер“

Паралелно со тотемизмот и табуто значајно место во животот на првобитните луѓе заземала магијата (волшепството). Првобитно зборот **магија**, значел изговарање на таинствени зборови или довикување на натприродни сили, да направат нешто што обичните луѓе не можеле да го направат. Магијата е збир на постапки и обреди во чија основа лежи верувањето во таинствени сили. Во тоа време луѓето мислеле дека со помош на неа може да влијаат на луѓето и настаните. Некои сметаат дека магијата не е религија, туку претставува способност за мислење на човекот, еден вид на примитивна наука. Во време на магискиот обред човекот правел одредени дејствија, кои не се вистински, но претпоставувале дека ќе постигнат одредени резултати. Зад магијата стојат скриени мисли. Првобитниот човек пред да оди на лов правел магиски дејствија, имитирајќи го ловот на соодветното животно. При тоа ги имитирал движењата што се случуваат при ловот и со цртежи го прикажувал убиството на животното. Магиските дејства биле сврзани и со работата по полињата, болестите и слично.

Пример:

Ако долго време постоела суша на одредено место каде што живее некое племе што верувало и правело магии. Тогаш постоела опасност таа суша да им го уништи сето она што го имале насадено или пак да ги исуши сите плодови кои што му служеле на човекот за исхрана, а се раѓале во природата. Затоа човекот

верувал дека може да влијае на душата на дождот и да го довикне да се појави. Тогаш човекот правел магии преку кои што верувал дека ќе успее да влијае на душата на дождот, а со тоа ќе направи да се појават облаците и дожд да заврне.

Во магијата, значи, таинствените сили се тие кои вршат конкретно дејство врз луѓето. Верувањето во тие таинствени сили значело верување во магијата, односно верувањето во моќта на магијата бил првиот услов за нејзиното постоење и ефикасност, зашто во мигот кога човекот престанува да верува во тие сили, тие всушност и не постојат.

**Научи повеќе:**

Денес магијата е некој вид забава. Маѓепсникот со своите вешти раце или со помош на разни средства ги мами гледачите, па тие веруваат дека тој направил нешто невозможно. Сите знаеме дека зад таа ,,магија", се крие обичен трик, но сепак уживаме во тоа што сме вешто измамени.

**Размисли и разговарај:**

1. Како настанала магијата?
2. Дискутирајте за постоењето на магијата во современиот свет!
3. Разговарајте за филмот ,,Хари Потер".



Ритуален танц

## МАГИЈА, РЕЛИГИЈА, НАУКА

Магијата настанала од наивниот мисловен процес на човекот кој сé уште не можел да ги сфати врските и односите помеѓу појавите во светот. Таа е карактеристична за примитивната свест. Мисловниот процес на кој се заснова магијата се сведува на два принципи: **закон на сличности** - каде што слично се произведува со слично или каде што последицата личи на својата причина.

Пример, ловецот пред да тргне на лов најпрвин фрла со стрела во цртежот на животното кое оди да го лови. Другиот принцип е **закон на допир или пренесување**. Според некои мислители магијата ѝ претходи на религијата. Таа е систем на ритуални постапки. Магијата како систем на верувања и постапки не е единствена за сите народи и култури во светот.



Магични практики во античката историја

Во религијата спаѓаат поимите натприродно и божествено. Религијата се користи со бог и натприродното за објаснувањето на појавите, предметите и суштествата во светот. Според религијата единствен начин на поврзување на човекот со Бог е преку молитвата и правањето добро. За разлика од магијата, науката со сигурност смета дека текот на природните случувања секогаш е условен со природните закони, односно не може природните сили да се предизвикаат од човекот.

**Науката** смета дека светот настанал од материја. Од ова се чини дека современата наука ја урива религиската слика за настанокот на светот и човекот. Меѓутоа религиозното прикажување за настанокот не е научна студија. По одредени прашања двете области пристапуваат на свој начин односно имаат свое гледиште. Науката го збогатува нашето знаење во секоја област биологија, физика, хемија и сл. Религијата се обидува да одговори која е смислата на постоењето на човекот и светот. Религијата и науката задоволуваат различни потреби кај човекот затоа тие не се во спротивност ниту се исклучуваат.

**Размисли и разговарај:**

1. Обиди се да ги согледаш разликите помеѓу магиското, религиското и научното објаснување на појавите во светот.
2. Замоли ја наставничката заеднички да определите за кој период од историјата е карактеристично магиското, а за кој религиското и научното објаснување.



Споени раце за молитва



Религијата и науката имаат различни пристапи



Голем број научници биле религиозни

**Научи повеќе**

Многу научници биле религиозни. Истражувај за некои од нив.

# ТЕМА 3. ГОЛЕМИТЕ СВЕТСКИ РЕЛИГИИ

- ЈУДАИЗАМ
- Завет - спогодба
- Создавањето на светот
- Животот на Мојсеј
- Света книга на Евреите
- Божјите закони - Декалог
- Ѕидот на плачот
- Симболи и молитва во Јудаизмот
- Еврејски празници и обичаи

- ХРИСТИЈАНСТВО
- Раѓањето на Исус
- Апостоли
- Беседа на гората
- Исусовите чуда
- Распетието и воскреснувањето на Исус
- Света книга во христијанството
- Христијански симболи
- Првите христијански заедници

- ИСЛАМ
- Пророкот Мухамед
- Коран
- Светиот храм во Мека - Каба
- Петте должности на исламот
- Најважен муслимански празник и место за молитва







Денес во светот постојат различни религии. Можеби некои од нив сте ги запознале во својата населба, место или во своето училиште. Меѓу нас живеат многу луѓе од друга вера. Има и луѓе кои не веруваат. Потребно е да се познаваат барем некои битни ознаки на најважните светски религии. Ние ќе се запознаеме само со некои од нив – со оние кои веруваат во постоењето на само еден Бог.

**Кој е основач на Јудаизмот?**

Се верува дека Аврам бил првиот Евреин и основач на јудаизмот. Во времето кога се појавил јудаизмот, луѓето во татковината на Аврам, Месопотамија, верувале во повеќе богови. Историјата на јудаизмот започнува со Аврам и Мојсеј. Мојеј е исто така важен лик бидејќи ги дал Десетте Божји заповеди, на Евреите околу 1250 г. пр.н.е. Тората (дел од Стариот завет), ги содржи овие божји заповеди.

**Евреи**, така се нарекуваат Израелците по враќањето од вавилонското ропство.



Традиционална Еврејска облека

Изборот на Евреите како божји народ започнал кога прататкото на Евреите отишол од Ур во Ханаан.

## ЈУДАИЗАМ

Јудаизмот е најстарата монотеистичка религија во светот. Таа е прва религија во која се верува во само еден Бог (Јахве). Во суштината на Јудаизмот е верувањето дека постои само еден Бог кој е створител и владетел со целиот свет. Сѐ гледа и сѐ знае. На нејзините темели подоцна настанале христијанството и исламот. Историјата на оваа религија оди наназад 4000 години, во времето кога Евреите биле номадски народ наречен Хебреи и живееле на Блискиот Исток. Таа е религија, со околу 14 милиони следбеници ширум светот. Денес најмногу Евреи има во Израел и САД.

Учењето на Јудаизмот е изложено во светата книга Танах познато како Стар Завет од Библијата.



Давидовата ѕвезда, важен еврејски симбол. Таа датира од средниот век, но денес се користи на националното знаме на израелската држава.

| | |
|---|---|
| Место на потекло | Израел |
| Основач | Аврам |
| Света книга | Танах (Стар Завет) |
| Молитвен дом | синагога |
| Свето место | Ерусалим |
| Важни празници | Рош Хашанах и Јом Кипур, Пасха, Схавуот (Духови), Суккот (шатора) |

Богот на Евреите неможе да биде претставен, нема ни име, затоа што Јахве во превод значи „Јас сум тој што сум“.

**Научи повеќе:**

Интервјуирајте возрасна личност која е верник. Тоа може да е личност од вашите пријатели, семејство и сл., кои би сакале да поразговараат за својата религија.

Напишете краток состав според податоците кои ги добивте.

**Прашања за интервју:**

1. Која е вашата религија?
2. Кога бевте дете што ви остави најголем впечаток од вашата религија?
3. Дали во вашата религија постои богослужба?
4. Како вашата религија влијае на вашиот секојдневен живот?
5. Што ви е најважно од религијата денес?

**Да размислиме и разговараме:**

1. Кога се појавил јудаизмот?
2. Кој е основач на јудаизмот?
3. Дали знаете чија религија е јудаизмот?
4. Каде се појавила оваа религија?
5. Што ви е најважно од религијата денес?

**Запомни:**

Следбениците на јудаизмот се Евреите. Тие веруваат во еден бог (Јахве), Јудаизмот е најстарата монотеистичка религија од трите светски монотеистички религии. Се појавува на територијата на Израел.

Според Библиската приказна Бог му рекол на Аврам: „Отиди од твојата земја...во земјата што ќе ти ја покажам. Голем народ ќе направам од тебе, ќе те благословам...“



Давидовата звезда

**Од каде потекнува јудаизмот?**

Јудаизмот настанал во Израел околу 2000 година пр.н.е.



Менора

**Во што веруваат Евреите?**

Евреите веруваат дека постои еден Бог, кој е создавач на целиот свет.

Што е интересно во историјата на еврејската вера, религија и народ?

Што е тоа сојуз и која е неговата важност?



Пружените и стиснати раце уште од најстари времиња симболизирале сојуз - пријателство помеѓу луѓето.



Мојсеј го води израелскиот народ преку морето



* Аврам, првиот водач на Евреите, роден е во Муру, денешен Ирак, околу 2000 г. пр.н.е.

# ЗАВЕТ - СПОГОДБА

Во средиштето на Еврејската религија е сојузот помеѓу Бога и Еврејскиот народ. Сојузот значел и одредени обврски на тој народ. Според еврејските свети списи, првиот сојуз е оној помеѓу Бог и Ное. Основата за тоа лежи во тоа што Бог ги сочувал Ное и неговото семејство од Потопот. Вториот сојуз на Бог е со Аврам, кој Бог го пратил во непозната земја ветувајќи му броен народ ако ја почитува верата (договорот). Како и дека ќе им ја даде ветената земја Ханаан. Таа (подоцна наречена Палестина или Израел) секогаш имала значајно место во мислите на еврејскиот народ. Евреите многу пати низ историјата биле прогонувани, но секогаш со мислите постојано се враќале кон неа и светиот град Ерусалим. Наследник на Аврам е Исак. Аврам е прародител на еврејскиот народ . Бог го повикува Аврам да ја напушти својата земја и да оди во непозната земја која тој ќе му ја покаже. Таму од неговото потомство ќе направи голем народ, од Бога избран и благословен. Господ му ветил на Аврам дека ќе го направи татко на голема нација ако го слуша и ако го учи светот на неговите закони. Аврам е исто значаен и за христијанството и за исламот.

Третиот сојуз на Бог е со Мојсеј на Синајската Гора. Бог му се објавува на Мојсеј и го води израелскиот народ кон спасување. Израелскиот народ за возврат му ветува на Бога дека ќе го почитува Законот (Десетте Бојжји заповеди).

**Научи повеќе:**

Прочитај од Библијата за Потопот и сојузот помеѓу Бог и Ное.
Прочитај од Библијата за сојузот помеѓу Бог и Аврам.
Пронајди и опиши за еврејската заедница во Р. Македонија.

**Да размислиме и разговараме:**

Зошто еврејскиот народ се нарекува избран народ?
Во што верувале луѓето пред појавата на Аврам?
Дали Аврам е значаен и за други религии?



Микелангело, создавањето на Адам, Сикстинска капела

## СОЗДАВАЊЕТО НА СВЕТОТ

Ако го отвориме Стариот завет, ќе видиме дека на почетокот се зборува за **создавањето на светот**. Оваа библиска приказна започнува со зборовите: ,, Во почетокот Бог го создаде небото и земјата”. Според оваа приказна светот е создаден за седум дена. Бог шест дена го создавал светот, а седмиот ден се одморил од своето дело. Со зборовите: „Нека биде...”, најпрвин ја создал светлината. Следниот ден го создал небото и морето, а потоа копното и растителниот свет По Божја заповед на земјата ќе никне трева, зеленило и дрвја плодоносни. Четвртиот ден ги создал сонцето, месечината и ѕвездите. Петиот ден пак птиците и рибите. Шестиот ден ги создал животните, дивите ѕверки и влекачите. На крај Бог го создава човекот.

*Адам на хебрејски значи човек, човештво

*Адамах значи земја

*Ева: мајка на сите живи

**Приказна за Адам и Ева**

Дали сте слушнале кои се првите луѓе на светот според библиските приказни?

Според библиската приказна **Адам е првиот човек** кој Бог го создал од земја и му дал живот. Потоа ја создал жената **Ева**. Адам и Ева живееле во рајска градина, потполно безгрижно. Таму можеле да ги јадат сите плодови и да се грижат за животните. Но, во градината постоело едно дрво кое Бог го поставил и кое се нарекувало дрво на распознавањето на доброто и злото. Бог поставил едно правило Адам и Ева да не јадат од плодовите на ова дрво. Но, Ева еден ден пробала од плодот на дрвото по наговор на змијата со што го прекршила ветувањето. По Ева, и Адам пробал од забранетото овошје. Адам и Ева биле казнети за тоа што го сториле и нивниот живот се изменил. Нема да живеат повеќе безгрижно туку ќе работат напорно за да преживеат. Бог од бесмртни и безгрижни суштества ги претворил во смртни и ги протерал од рајот. Адам и Ева кои се прародители на човештвото, со тоа го сториле првиот грев.



Адам и Ева

**Научи повеќе:**

Прочитај го делот од Стариот завет за создавањето на Адам и Ева и за Првиот, Источен грев.

**Размисли, разговарај и нацртај:**

1. Со помош на стрип техниката претстави го создавањето на светот според библиската приказна!
2. Како живееле Адам и Ева во рајската градина?
3. Зошто Адам и Ева биле протерани од рајот?

# ЖИВОТОТ НА МОЈСЕЈ

**Кој е Мојсеј?**

Денес ќе слушнеме за животот на Мојсеј.

**Мојсеј** е водач кој ги ослободил Евреите од египетското ропство.

Мојсеј е роден одамна во Египет. Но тој не бил Египќанец туку бил Израелец. Во тоа време фараонот на Египет дал наредба да се убијат сите новородени машки деца кои се Израелци. Ајде да ја слушнеме приказната за животот на Мојсеј.



Илустрација на која е прикажано пронаоѓањето на Мојсеј од фараоновата ќерка

Според библиската приказна за Јосиф (синот на Јаков), Евреите живееле добро се до 15 век пр.н.е. Кога дошол Египетскиот фараон на власт, положбата на Евреите се влошила, и на крајот станале нивни робови. Фараонот наредил сите новородени еврејски машки деца да се убијат .

Мојсеј бил еврејско дете. Мајка му за да го спаси од фараоновата наредба го пуштила низ реката Нил во кошница обложена со катран. Кошницата со бебе ја пронашла фараоновата ќерка. Тој бил одгледан и воспитан на фараоновиот дворец. Кога пораснал дознал за својата еврејска припадност и по некое време избегал во пустината. Еден ден додека ги чувал овците, видел нешто необично , грмушка која гори, а не договорува. Бог му се обраќа од запалената грмушка и му кажува да се врати во Египет и да го спаси својот народ од ропство. На тој начин Бог го избира Мојсеј да го изведе народот и да го врати во ветената земја - Ханаан. Мојсеј оди да го види фараонот и да го моли да ги ослободи Евреите од ропство. Фараонот ја одбива неговата молба. Тогаш Бог му дава сила на Мојсеј да прави чуда пред фараонот за да го пушти неговиот народ на слобода. Бог им пратил десет зла на Египет, (водата во Нил се претворила во крв, земјата ја нападнале жаби, комарци, скакулци, завладеала чума и кожни болести. Град и бура ја уништиле жетвата и три дена завладеал мрак.) Срцето на фараонот било толку тврдо што и овој пат не попуштил. Ајде да дознаеме и за последната опомена.



Бог му се обраќа на Мојсеј од запалената грмушка

Бог последен пат го опоменува фараонот, дека сите машки првородени деца ќе умрат доколку не ги ослободи Евреите од ропство. И тогаш фараонот не попушта. Откако умира неговиот првороден син, тој конечно му дозволил на Мојсеј да го изведе народот од Египет и да го поведе кон ветената земја (Ханаан). Така Бог третиот сојуз го склопил со Мојсеј. Талкајќи низ Синајската Пустина многу долго време (40 години), луѓето почнале да се сомневаат дека ќе стигнат во ветената земја. Но Бог го повикува Мојсеј на **Синајската Гора** каде му ги дава **десетте заповеди** испишани на две камени плочи.



Синајската Гора

**Сојузот со Мојсеј**

Бог им се објавил на Израелците како сојузник кој ќе им помага. А тие за возврат требале да ги почитуваат неговите заповеди. Заповедите се запишани на две камени плочи кои Евреите ги чувале во златен ковчег. Ковчегот на сојузот го носеле Евреите на патот низ пустината. Затоа ковчегот на сојузот има посебно значење за Евреите.

*Пророк - човек од Бога повикан и зборува во Божје име.

Најголем пророк во Стариот завет е Мојсеј, водач и ослободител на избраниот народ.

*Израелскиот народ патувал низ пустината 40 години.

**Научи повеќе:**

Погледнете го цртаниот филм ,, Десетте божји заповеди”. Дознај интересни податоци за пустините: каде се наоѓаат; колку се големи ; има ли живот во нив и сл.!

**Да размислиме и разговараме:**

1. Што мислиш, на какви тешкотии наидувале Израелците во пустината?
2. Погледни и разговарај за различните литературни текстови и ликовни дела во кои е прикажан Мојсеј (со помош на наставниците по македонски јазик и ликовно).
3. Анализирај некое уметничко дело и запиши како уметниците го прикажале Мојсеј!
4. Што мислите зошто ликот на Мојсеј е интересен за уметноста?
5. Накратко опишете го животот на Мојсеј и некои негови особини.
6. Дали се сеќавате на некои имиња од еврејската историја?

# СВЕТА КНИГА НА ЕВРЕИТЕ


Тора во форма на свиток која се чита од десно кон лево

Библијата која христијаните ја означуваат како Стар Завет за еврејскиот народ е Света книга - **Танах**. Во неа е запишана историјата на еврејскиот народ. Нејзин најважен дел е Тората, првите пет книги од Библијата. Тука се содржани законите, вклучувајќи ги Десетте заповеди кои Јахве му ги дал на Мојсеј.

За божјите дела и неговите заповеди дознаваме од книгата која на еврејски се вика Тора.

**Тората - закон** која е дел од Танахот, (првите пет книги на Библијата на хебрејски) е темел на еврејската вера и уште се нарекува и **Петокнижие**. Евреите ја користеле Тората како водич во секојдневниот живот. Копии од Тората се пишувале рачно на ролни хартија.

Тората содржи пет книги кои Бог му ги дава на Мојсеј на Синајската Гора. 1. Настанокот 2. Излегувањето, 3. Левитски закон 4. Броеви. 5. Повторени закони.

**Настанокот** е книга за почетокот и создавањето на светот и човекот.

**Излегувањето** е книга за излегувањето на израелскиот народ од египетското ропство, под водство на Мојсеј.

**Левитски законик** е книга на прописи кои Бог му ги дава на својот народ преку Мојсеј на Синај.

**Броеви** е книга која ја опишува историјата на спасувањето на Израелците во периодот од 40 години живеење и талкање по Синајската пустина. Името потекнува од двата пописа на населението (Броење на Израелците).

**Повторени закони** – средишна тема во книгата е Божјото спасување и благословот кон народот.

Друга значајна книга за верниците на јудаизмот е Талмудот. Во неа се забележани мисли и коментари на рабините за содржините и почитувањето на законот.


Страница од Талмуд



Стара еврејска книга за молитва



Дете кое ја чита Тората

Светата книга – Танах содржи 24 книги каде се разликуваат три дела: Законот (Петокнижието) или Тора, Пророците и Списи.

**Да размислиме и разговараме:**

1. Како се вика Светото писмо на евреите?
2. Кое е другото име за Тора?
3. Од колку книги е составена Тората?



Свиток на Тора која се чита од десно кон лево и покажувач - јад

**Научи повеќе:**

Свитокот со Тора е премногу свет за да се допира со раце, па затоа се користи покажувач, наречен јад.

**Запомни:**

Тора - закон е темел на еврејската вера, а ги содржи првите пет книги од Библијата кои уште се наречени Петокнижие.

# БОЖЈИТЕ ЗАКОНИ - ДЕКАЛОГОТ

**Декалог** е второто име за **Десетте Божји заповеди**. Тоа се десет големи совети за животот на човекот, кои се наоѓаат во Тората, а Јахве, според библиската приказна, му ги објавил на Мојсеј на Синајската Гора. Тие биле запишани на две камени плочи.

**Декалог=Десет Божји совети (заповеди)

Дали некогаш сте слушнале за некоја книга која ги содржи македонските закони? На пример македонскиот Устав? Таму се среќаваат норми, правила, кои го регулираат соживотот. И во Тората (дел од Стариот завет) се напишани закони и правила за животот. Најважниот закон, кој според библиските приказни настанал на темел на пријателството (сојузот) помеѓу Бог и неговиот народ, е Декалогот или Десетте божји заповеди.



Илустрација на кое е прикажано појавувањето на Бог пред мојсеј

Ајде да откриеме колку заповеди има на двете камени плочи!

Кои се десетте заповеди?

Кажете 10 ваши заповеди кои ги сметате како важни за почитувањето на другите!

Еве кои заповеди Јахве му ги дал на Мојсеј на Синајската Гора.

1. Јас сум Јахве, Бог твој кој те изведе од земјата египетска, од ропство. Немој да имаш други богови освен мене.
2. Не прави на себе идоли на било што, што е горе на небото, или доле на земјата, или во водата или под земјата; немој да им се поклонуваш ниту да им служиш...
3. Не го земај напразно името Јахве Богот свој...
4. Сети се да го празнуваш денот саботен. Шест дена работи и заврши ги сите работи. А седмиот ден,сабота одмори и посвети се на Јахве Богот твој.



Мојсеј ги прима двете камени плочи

5. Почитувај ги своите родители за да имаш долг живот на земјата...
6. Не убивај.
7. Не врши прељуба.
8. Не кради.
9. Не сведочи лажно.
10. Не посакувај ништо што е туѓо.



Мојсеј со двете камени плочи на кои се испишани божјите заповеди

**Научи повеќе**

Запишете десет ваши заповеди кои ги сметате за важни.

* Каков би бил нашиот живот без прописи и закони?



**Да размислиме и разговараме:**

1. Дали ќе најдеш некоја заповед која си ја кажал меѓу овие десет?
2. Колку денешниот човек живее во согласност со Десетте Божји заповеди?
3. Може да се каже дека „Десетте Божји заповеди", искажуваат како да се живее праведно и во мир. (Протолкувај)!
4. Која од заповедите ја сметаш за најважна?
5. Претстави една заповед илустративно и продискутирај за неа!

**Запомни:**

Некои од Десетте божји заповеди ги има и во законите, чие почитување овозможува животот на човекот во заедницата да се одвива со меѓусебно почитување и правда.



Пред Ѕидот на плачот се собираат многу еврејски верници

## ЅИДОТ НА ПЛАЧОТ

Ако тргнеме на патување по интернет страниците во Ерусалим, древниот град во Израел, ќе забележиме еден ѕид пред кој стојат луѓе кои во пукнатините оставаат свитоци од хартија. На тие мали ливчиња се запишани нивните желби и молитви. Надевајќи се дека еден ден Бог ќе ги исполни нивните желби.

Храмот во Ерусалим или **Соломоновиот храм** има посебна важност во еврејската религија поради тоа што е доказ за вековните страдања и премрежиња на еврејскиот народ. Главно место во храмот била Светињата над светињите во која се наоѓал Ковчегот на сојузот на Бог со својот народ. Првиот еврејски храм го изградил кралот Соломон. По рушењето на првиот, вториот храм е довршен 515 г. пр.н.е., а го разрушил римскиот војсководач Помпеј во 63 г. пр.н.е. Третиот највеличествен храм го изградил кралот Херод(Ирод), 9 години пред нашата ера, а го срушиле римските власти по еврејската побуна во 70 година од н.е. Оттогаш до денес Евреите не го обновиле својот храм. Од него е останат само западниот ѕид кој подоцна е наречен Ѕид на плачот. Ѕидот на плачот е единствената структура која останала од него.



Евреите се молат пред Ѕидот на плачот



Храмот во Ерусалим, изграден од Соломон, бил разурнат од Набукодоносор. Во 70 година Тит го срамнил со земја овој храм, што го обновиле вратените Евреи од Вавилон. Последното сведоштво на ова свето место е таканаречениот Ѕид на плачот. На сликата, е претставена градба на Храмот, според гравура од XV век.

**Запомни:**

70 г. од н.е. Храмот на Ирод во Ерусалим е разоран од Римјаните. До ден денес сочуван е само западниот дел.

**Размисли и разговарај:**

Каде се наоѓа Ѕидот на плачот?
Кој го изградил првиот еврејски храм?
Дали синагогата е храм?
Кое е другото име на Ѕидот на плачот?

**Научи повеќе:**

Откако Ерусалим потпаѓа под турско ропство, султанот Сулејман I, имал добар однос кон Евреите и тој ја изградил едната страна од ѕидот на тврдината која и денес е видлива. Според популарната легенда Сулејман I се обидел да ги пронајде точните и останатите урнатини од храмот. За Евреите ова е единствениот храм кој постои, бидејќи синагогата тие не ја признаваат за храм. Исто така, според нив овде е точното место каде Бог директно ги прима нивните аманети (желби).

Пронајди слики од Ѕидот на плачот или храмот и направи постер.

# СИМБОЛИ И МОЛИТВА ВО ЈУДАИЗМОТ

**Кои се симболи на јудаизмот?**
**Како се молат верниците Евреи?**



Симбол или амблем на еврејскиот народ е Давидовата ѕвезда (Давидовиот штит).

**Што е менора?**

Менората е еден од најстарите симболи на еврејската вера. Тоа е свеќник со седум краци и се наоѓа на израелскиот грб заедно со две маслинови гранчиња како симбол на израелскиот народ за мир. Тој свеќник ја симболизира грмушката која гори, а која ја видел Мојсеј на Синајската Гора.



**Што е Мезуза?**

Мезузата се наоѓа над вратите на домовите на Евреите. Тоа е мало кутивче кое содржи извадок од Стариот Завет. На хебрејски се вика шема. Претставува потсетник на верската обврска кон Бог.



Внатрешност на синагога





Свеќник за седум свеќи, наречен менора, важен еврејски симбол

Религиозниот и политички симбол на Израел е менора, свеќник со седум краци, кој го претставува дрвото на животот.



Давидовата ѕвезда и Тора



Синагога

Рабин - еврејски верски учител и толкувач на Тората.

Ковчегот е симбол на сојузот на Бога со Евреите бидејќи во него тие ги чувале двете плочи со Десетте Божји заповеди.



Ковчег на договорот

**Каде се молат Евреите?**

Местото каде што Евреите одат да се молат се нарекува синагога. Синагогите не се само место за молење, туку и за учење, прослави и за дружење. Обично молењето се состои во читање на Тората и на молитвите, често е водено од учител наречен рабин.

Најистакнато обележје на синагогата е ковчежето, поставено на источниот ѕид и со својата предна страна е свртен кон Ерусалим. Ковчежето содржи свитоци на Тората напишани на хебрејски јазик на пергамент. Свитоците се покриени со сомот и свила. Пред ковчежето има светилка која гори постојано.

Мажите и жените обично седат одвоено во синагогите. Мажите носат на главата капа. Еврејскиот духовен водач се вика рабин. Евреите се обврзани да се молат во одредено време наутро, попладне и навечер. Може да се молат дома и во синагога. Секој возрасен Евреин има обврска да ја кажува молитвата ,, Слушај, Израеле”!.. секој ден.



Рабин

**Кој е најважниот ден во неделата за Евреите?**

Најважниот ден во неделата е сабота (Сабат), како ден за одмор и посветеност кон Бог. Кога започнува и завршува денот за одмор? Еврејскиот свет ден, или сабота, почнува од заоѓањето на сонцето, во петок и продолжува се до заоѓањето на сонцето во сабота. Евреите овој ден не работат.

**Што се случува на Сабат во еврејско семејство?**

На почетокот на Схаббат еврејското семејство дели оброк. Тие јадат леб кој се вика халл. Во сабота, Евреите присуствуваат на служба во синагога, која често ја води рабин.

**Кои работи ги носат Евреите?**

Кипах (е округла капа) на главата на еден побожен евреин. Тој секогаш носи кипах, која го потсетува да ги следи божјите закони во секое време и на секое место.



Кипах - округла капа

Во текот на молитвата, без оглед дали е тоа во синагога или дома, евреите од почит кон Бога, си ги покриваат главите со капче, наречено кипах.

**Талит (молитвен шал) ;**

Пред да почне со молитвата побожниот евреин често става талит. Ресите од него го потсетуваат на многуте заповеди од Тората.



Талит - молитвен шал

Тефелин (мала кожна кутиичка со долг кожен ремен). Ова се носи на левата подлактица или на чело. Внатре во кутиичката се наоѓаат свиток (извадок) од светото писмо. Тефелинот на левата рака е потсетник на божјиот закон со сето свое срце, бидејќи е близу срцето. А пак тефелинот на чело ги потсетува Евреите на учењето на Тората. Тефелинот се носи при молитвата дома или во синагога.





Тефелин

**Што е тоа кошер храна?**

Кошер храна е онаа храна која е во согласност со еврејските закони. Тоа значи дека не се мешаат млечни и месни производи. Не јадат свинско месо и школки

**Научи повеќе:**

Најди цртежи или слики од синагога и опиши ја незината надворешност и внатрешност.

Размисли, одговори, нацртај:

1. Нацртај ги симболите на јудаизмот и разговарајте за тоа што секој од нив значи.
2. Кој од симболите се наоѓа на знамето на денешен Израел?
3. Кое место денес ја презема улогата на соборно место во јудаизмот?
4. Како се вика еврејскиот верски учител?
5. Прикажи го на одделението предметот кој има симболичка вредност за тебе, (тука може да биде вклучена стара фотографија, накит, исечок од коса, облека). Покажете на одделението дека иако не се финансиски вредни тие се важни за вас. На пр. сувенирот од одмор ве потсетува на местото кое сте го посетиле.

Истражувај за еврејските обичаи во однос на секојдневниот живот.

**Запомни:**

Синагогата има функција на собрание или општина, таа служи за собирање на еврејската заедница. Во неа се врши богослужба т.е. толкување на Тората која ја води рабин. Во секоја синагога има Давидова ѕвезда, менора, Тора и Ковчег.

**Да размислиме и разговараме:**

1. Кој ден во неделата Евреите го посветуваат на Бог?
2. Наброј неколку работи кои ги носат Евреите при молитва!

# ЕВРЕЈСКИ ПРАЗНИЦИ

Кои се главните еврејски празници?

**Пасха (**Песах) е празник со кој се оживуваат спомените за ослободувањето (слобода) на Израелците од египетското ропство. Се јадат традиционални јадења, се пеат песни и прераскажуваат разни обичаи. Трае осум дена.

**Шавуот или** Педесетница се слави 50 дена по Пасха, и е потсетување на сојузот склопен на Синај и добивањето на Тората (законот од Јахве).

**Рош Хашана** е еврејска Нова година. Се слави во септември или октомври кога земјата зазеленува од првите есенски дождови. Тој ден се подарува јаболко потопено во мед со честитката: „Шана това", што значи Среќна Нова година. Евреите го бројат времето од создавањето на светот. Тоа за нив е 3760г. пр.н.е. Ако ги изброиме годините добиваме податок дека 2019 година во Еврејскиот календар е 5779 година.



Празникот Рош Хашана ја прославува еврејската Нова година. Се свири на инструментот Шофар за да се разбудат луѓето и да водат подобар живот.

**Јом Кипур** – Ден на помирувањето. Тој се слави десет дена по Рош Хашана. На тој ден се пости и се моли. Се пости на тој начин што не се јаде и пие 24 часа. Овој ден е и ден на жалоста поради разорувањето на Ерусалимскиот Храм 70 год.

**Ханука -** свеченост која трае осум дена и секој ден се пали по една свеќа од менората. Овој празник ги потсетува Евреите на победата за самостојност на Јудеја.

**Пурим** е весел празник на дарувањето, кога луѓето облекуваат костими, се разменуваат подароци, а особено децата се радуваат на добиените подароци.

**Сукот** - Овој празник се слави во лето и трае недела дена. Празникот ги потсетува Евреите на 40 годишниот престој во пустината, додека патувале од Египет до ветената земја. За овој празник прават колиби прекриени со зеленило во кои седат и се гостат.

**Шеват** е празник после Ханука. Тоа е ден на пријателите на екологијата во Израел и свеченост ,,роденден на дрвото”.



Празникот Сукот се одржува на есен. Со него се прославува начинот на кој првите Евреи граделе засолништа во пустината по бегството од Египет. Палма, врба, мирта и цитрон се четири растенија што се користат како симбол на празникот.

**Да размислиме и разговараме:**

1. Опиши некои празници од јудаизмот?
2. Опиши за празникот Сабат!
3. Направи споредба на еврејската Нова година и христијанската?
4. Кратко да се опишат празниците Нова година, Простување!
5. Ако христијанската Нова година е 2019, која е еврејската?



Прослава на Рош Хашанах

**Научи повеќе:**

Откриј дали еврејскиот календар е ист со христијанскиот.

Евреите се поздравуваат со поздравот ,,салем”. Тоа значи, добар ден, но и до видување, што значи ,,мир со тебе”.

# ХРИСТИЈАНСТВО

Христијанството е монотеистичка религија базирана врз животот, учењата и делата на Исус Христос според раскажувањето на Новиот завет.

Основано е во првиот век во Палестина. Денес поголемиот дел од Палестина е познат како Израел. Во времето на Исус таа била, главно, еврејска земја со која владееле Римјаните. Тоа се заснова на учењето на Исус Христос, кој живеел во таа земја пред повеќе од 2000 години. Исус бил роден и пораснат како Евреин и тој придобил многу следбеници меѓу обичниот еврејски народ. Но, религиозните власти се сомневале во неговото ново учење и направиле заговор да го фатат и да го убијат. Во вековите по смртта на Исус, неговите следбеници го рашириле неговото учење низ целиот свет. Христијанството се појавува во затскриеното катче на еврејскиот свет. Иако на почетокот срамежливо, малубројно поради непризнавањето и осудувањето од еврејскиот народ, како и од Римската империја, полека се шири низ целиот свет. Разните книги напишани од страна на Исусовите следбеници по неговата смрт, се викаат Нов завет, а заедно со Стариот завет ја сочинуваат христијанската Библија. Библијата ги содржи сите учења на Исус и како сите христијани треба да ги живеат своите животи. Таа е најбројна светска религија, со околу 2,2 милијарди следбеници ширум светот.


Крст - симбол на христијанството

**Кои се христијаните?**

Христијаните ги следат учењата на Исус Христос.

Христијани се луѓе кои веруваат дека Исус Христос е син Божји, и го следат неговото учење. Христијаните веруваат дека Исус станал од мртвите - воскреснал.

Кој е основач на христијанството?
,, Исус Христос, кој бил распнат околу триесетата година, е основач на христијанството”.




Фреска од христијанството

| | |
|---|---|
| Место на почеток | Израел |
| Основач | Исус од Назарет |
| Света книга Библија | Стар и Нов Завет |
| Света градба | црква, катедрала, капела |
| Свети места | Ерусалим, Витлеем, Назарет, |
| Поважни празници | Велигден, Божиќ |

**Централно верување**

Според Библијата централна фигура во христијанството е Исус Христос. Христијаните веруваат дека Исус бил Христос или „спасител“ кој дошол да го спаси човечкиот род, да го ослободи од сите страдања и да воспостави праведен живот. Иако тој живеел на Земјата како човек, христијаните веруваат дека бил Божји син и затоа бил божествен. Христијаните веруваат во еден Господ за кој сметаат дека е бесконечен и вечен. Тие сметаат дека Бог е еден, но се јавува во три лица Божји: како Бог отец, Бог син и Бог светиот дух. Ова се нарекува Свето тројство. Светото тројство се темели на тоа дека Бог отец го праќа на Земјата својот син каде тој добива човечки облик. Како што синот Божји, дошол на земјата да учи за љубовта и дружењето, битно е да се знае дека Исус едновремено бил и Бог. Бил на земјата за да го спаси човештво. Во христијанството, Бог е семоќен и владее со сè и небото и земјата.

Исус е роден во градот Витлеем . Кога Исус почнал да патува низ земјата тој на луѓето им зборувал за Бог. Ги лечел болните. Избрал дванаесетмина ученици да му помогнат да го шири своето учење . Тие станале негови пријатели и му помагале во неговото учење. Неговото учење често е осудувано од Римјаните кои владееле во тоа време. Поради своето учење Исус го предал еден од неговите ученици. Му било судено, прогласен е за виновен и е распнат на крст.

**Научи повеќе:**

Во почетокот на 4 век царот Константин I во 313 година го забранува прогонувањето на христијаните.
Направи плакат само со помош на фотографии (фотоприказна).

**Размисли и разговарај:**

Кој е основач на христијанството?

Кога се појавило христијанството?

Зошто следбениците се нарекуваат христијани?

**Запомни:**

Христијанството е најбројна религија во светот. Приврзаници на него се околу 35% од вкупното население, а христијаните ги има на сите континенти. Денес повеќето луѓе се монотеисти.

# SВЕЗДАТА НАД ВИТЛЕЕМ

Според христијанската Библија, Господ го испратил ангелот Габриел да ѝ соопшти на Марија дека ќе стане мајка на Исус.

Исус се родил во Витлеем, каде што Марија и нејзиниот сопруг Јосиф отишле да учествуваат во пописот на населението, за време на владеењето на римскиот цар Август. Градот бил преполн и тие немале каде да се сместат, па Исус се родил во скромна штала (пештера). Библијата кажува дека овчари и мудреци дошле да го посетат новороденчето. Исус пораснал во Назарет и веројатно учел да биде столар, како татко му. Од годината на неговото раѓање се смета нашата ера. Пораснал во еврејско семејство во Назарет со мајка му Марија и татко му Јосиф, па во Евангелијата се среќава како Исус од Назарет.

На ридовите околу Витлеем ноќта кога е роден Исус, овчарите кои ги чувале стадата забележале силен сјај на небото. Се појавил ангел на небото со вест дека дента е роден ,,спасителот", на светот во малото гратче Витлеем во штала (пештера), завиткан во облека и легнат во јасли. Луѓето кои ја виделе светлината, тргнале да се убедат во зборовите на ангелот, по што навистина го виделе бебето Исус во пештерата во Витлеем. Веднаш тргнале кон Ерусалим да ја соопштат веста за раѓањето на спасителот. Кога царот на Јудеја, Ирод го слушнал ова ги повикал **тројцата мудреци** да го најдат детето и да му соопштат каде е за да може и тој да му се поклони како на цар. Но, намерата на Ирод всушност била да го убие Исус, плашејќи се да не го заземе неговото место. Тројцата мудреци водени од **ѕвездата која ги водела до Витлеем**, до самото место каде е роден Исус, му се поклониле на детето и го дарувале со подароци достојни како за цар - злато, ливан и смирна. Тие никогаш не се вратиле



Ангелот Габриел и соопштува на Марија дека ќе стане мајка на Исус



,,Овчари и богати луѓе дојдоа да го видат Исус и да се радуваат на веста за неговото раѓање. Но, царот Ирод беше премногу себичен за да се радува, само божјото водство и послушноста на Јосиф и мудреците, му го спасија животот на Исус".

кај царот Ирод. Откако Ирод увидел дека мудреците го надитриле, веднаш наредил да се убијат сите машки деца. Претходно на Јосиф му се јавил ангелот кој го предупредил да ги засолни Исус и мајка му Марија, па така, царот Ирод не би можел да им наштети. По долг и мачен пат низ пустината ги однел во Египет. Откако царот Ирод умрел тие се враќаат назад во Назарет, во областа Галилеја.



Тројцата мудреци го даруваат Исус



Јосиф, Марија и Исус заминуваат во Египет

**Научи повеќе:**

Дознај нешто повеќе за положбата на жената или децата во времето на Исус.

Ако си во можност, посети црква и истражи дали постои на ѕидот слика за раѓањето на Исус.

Опиши ја и нацртај ја онаа која ти е најдрага.

**Размисли и разговарај:**

1. Кој и ја соопштува веста на Марија дека ќе роди син?
2. Каде е роден Исус?
3. Според библиската приказна, што ги водело тројцата мудреци до Витлеем?
4. Размисли за вистинското постоење на Исус. По што се разликува од другите историски личности?

# АПОСТОЛИТЕ

Од враќањето во Египет па се до Исусовото крштавање, во реката Јордан од страна на Јован крстител, скоро ништо не се знае освен дека најверојатно детално го проучувал Стариот завет. Исус на 30 години е крстен, а подоцна 40 дена бил сам во пустината изложен на разни искушенија на кои успешно одолеал. По овој искушенички пост тој започнува со својата спасителска дејност. Почнува да проповеда ново учење на улиците и плоштадите каде се собирал народот. Од почетокот на неговото учење со него биле неговите ученици-апостолите.

**Кои се апостолите?**

Дванаесет апостоли - ученици на Исус се оние кои за време на неговиот живот биле негови пријатели и следбеници. Тие се ученици и учители на христијанството, први мисионери. Голем е бројот на Исусовите ученици низ текот на историјата како и денес. Исус на своите ученици им ја поверува задачата да го шират неговото учење.



Катедрала во Валенсија – Статуи на апостолите

*мисионери (пратеници) - оние кои го шират христијанството

* евангелие - радосна вест

- **Зошто 12 апостоли?**

Тоа е бројката на племињата на избраниот Божји народ кои потекнувале од Јаков, Израел.

Апостолите кои се првите ученици што ги запишале зборовите на Исус и според кои се наречени евангелијата (радосна вест), се:

апостол Петар
апостол Андреј
апостол Јаков
апостол Јован
апостол Филип
апостол Вартоломеј
апостол Тома
апостол Матеј
апостол Јаков Алфеев
апостол Тадеј
апостол Симон
апостол Јуда Искариотски



Скулптури на дванаесетте апостоли

Исусовите пријатели (апостолите), патувале по западна Азија и останатите делови на Римското царство и ги пренесувале Исусовите учења. Исто така раскажувале дека кога Исус е распнат тој се жртвувал за сите кои верувале во него. Понекогаш кога апостолите доаѓале во некој град, луѓето ги слушале со внимание, па и станувале христијани (следбеници на Исус). Понекогаш луѓето не ги прифаќале нивните идеи и ги бркале од градот. Еден Евреин кој го прифатил христијанството бил Савле, кој подоцна бил наречен Павле. Павле патувал насекаде, во денешна Македонија, Грција, Турција, Дамаск и Сирија, проповедајќи го христијанството. Нова работа е што тој го ширел христијанството и на луѓе кои не биле Евреи. Павле им кажувал на луѓето дека Исус сакал да се однесуваат добро, да не кажуваат лаги, да не крадат или мамат во трговијата. Но, тој им кажувал дека љубовта е најважна од сите овие работи.

**Научи повеќе:**
Дознај повеќе за апостол Павле или некои други апостоли. И истражи кои цркви се наречени по нивното име.

**Размисли и разговарај:**

1. Која е улогата на апостолите?
2. Колку на број се првите Исусови ученици?
3. Наброј некои од апостолите?
4. Зошто Евреите сакале да го фатат Савле ( Павле)?
5. Дали Павле бил еден од дванаесетте апостоли?
6. Кои се општочовечките вредности на Христовото учење?

**Запомни:**

Апостолите се првите ученици на Исус кои го шират христијанството (евангелието).

# БЕСЕДА НА ГОРАТА



Беседа на гората

Ниту една проповед не одекнала толку силно како Беседата на Гората. Во почетокот на Беседата Исус ги величи и прогласува за блажени сите понижени и навредени, оние кои овој свет ги презира, понижува и отфрла, сиромашните, духовно паднатите , оние кои се кротки, тажни и уплакани, жедни за правда, оние кои се со чисто срце, мирољубиви и наклеветени. Потоа зборува за поврзаноста на Стариот и Новиот завет и вели: ,,Не мислете дека сум дојден да го растурам Законот или пророците, не доаѓам да го прекршам Законот туку да го исполнам", - Матеј, 5 книга.

Исус наместо старозаветната одмаздољубивост „око за око, заб за заб". проповеда ,,Љуби ги непријателите свои, благословете ги оние кои ве проколнуваат, чинете добро на оние кои ве мразат и молете се на Бога за оние кои ве гонат". Тој направил голем чекор за мирољубивоста и простувањето. Исус ги учел луѓето да внимаваат едни на други и да веруваат во Бог. Тој верувал дека Стариот Завет е Божја реч и кажал дека е дојден да ја исполни, а не да го замени она во што веруваат Евреите.

Поголемиот дел од неговото учење е низ приказни. Исус ги учел луѓето преку примери.

**Научи повеќе:**

- Обиди се да го разбереш неговото учење и прочитај ја оваа Беседа.
- Прочитај ја параболата за изгубениот син.

Во Новиот завет пронаоѓаме бројни Исусови зборови важни за секојдневниот живот. Пронајди во евангелијата неколку такви Исусови совети, насоки и потцртај ги оние кои ги сметаш за особено важни и убави. Можат ли тие да ти помогнат во твојот живот. Во кои животни ситуации?

**Размисли и разговарај:**

1. Што им порачува Исус Христос на луѓето во својот говор?
2. Дали неговите зборови во тоа време биле нешто ново?
3. Размисли дали Исус живеел во согласност со она што го учел?
4. Дали желбата за одмазда ги прави луѓето полоши или подобри?

# ИСУСОВИТЕ ЧУДА

Според Библијата Исус направил многу чуда кои биле знак дека Бог творел на Земјата преку него.

Заедно со проповедањето Исус правел нешта кои за обичниот човек биле непоимливи и ги сметале за чуда.

Лекувал болни од секакви болести за кои дотогаш се сметало дека се неизлечиви. Оживувал мртви, лекувал лепрозни, слепите прогледувале, немите прозборувале, ги смирувал ветровите, одел по површината на морето. Умножувањето на лебот и рибата останува како знак на божествената моќ на Исус.

**Свадбата во Кана - првото Исусово чудо**

Исус патувал со своите апостоли ширејќи го словото Божје. Еден ден Исус, Марија и апостолите отишле на свадба во Кана. Кога снемало вино на свадбата, Исус му рекол на слугата да наполни шест ќупови со вода. Главниот служител се напил и се изненадил што домаќинот го сочувал најдоброто вино за крај. Сите се вчудовиделе бидејќи водата се претворила во вино.

Ова било првото чудо што го направил Исус, на обична свадба во гратчето Кана. Со тоа тој ги поттикнал апостолите да имаат уште поголема верба во него.

**Научи повеќе:**
Прочитај и разговарај и за другите Исусови чуда.



Исус ги лекува луѓето

**Размисли и разговарај:**

1. Кое е првото Исусово чудо?
2. Дали Исус ги оздравувал болните?
3. Кое од чудата на Исус ти се чини најинтересно?

**Запомни:**

Симболиката на Исусовите чуда е дека Бог творел на земјата преку него.

# РАСПЕТИЕТО И ВОСКРЕСНУВАЊЕТО НА ИСУС

Секаде во светот христијаните сé уште се собираат во чест на последната вечера која Исус ја поделил со своите пријатели.

**Распетието и воскреснувањето на Исус**

Јудејските верски водачи, согледувајќи ја опасноста од Исус, решиле да го фатат, затворат и предадат на римските власти, со лажно обвинување дека го бунтува народот против Римјаните. Исус ги собира своите ученици на вечера во четвртокот пред да биде убиен. Оваа средба кога тој ги нуди со леб како симбол на неговото тело и вино како симбол на неговата крв се нарекува уште и Тајната вечера. Исус вечерта им соопштува дека ќе биде предаден од еден од нив. Сепак останува со нив и кога доаѓаат да го затворат сметајќи дека тоа е Божја волја. Јуда, еден од учениците на Исус, го предава. Една чета војници кои ги доведува до него, го фаќаат Исус на Маслиновата Гора. Тогаш го предаваат во рацете на римскиот намесник Пилат, кој наредува Исус да биде распнат на крст на местото Голгота. Исус е облечен како ,,цар", со венец од трње. Тој го носи крстот до Голгота.



Тајната вечера од Леонардо да Винчи

Исус е закован на крстот и распнат заедно со двајца разбојници. Во тешки маки Исус умира во петок попладне. Оттогаш крстот станува симбол на христијанството. Исус бил погребан во пештера. Особено по смртта на Исус се зборувало, врз основа на неговите пророштва, дека тој ќе воскресне на третиот ден. Римските власти поставиле стража кај гробот, а гробот - пештера, го затвориле со огромен камен.

На третиот ден во неделата неговите следбеници Марија од Магдала и уште една жена го наоѓаат неговиот гроб празен. Веста брзо се раширила на целата еврејска територија. Според евангелијата во тоа не верувале ниту неговите ученици. По јавувањето на апостолите на Галилејската Гора ги убедил во вистината и ги упатил да продолжат со ширењето на неговото дело. Апостолите сведочат за поврзаноста на смртта и воскреснувањето на Исус. За Исус Христос кој воскреснал, апостолите ќе раскажуваат и тој ќе биде основата на христијанството. „Ако Христос не воскреснал, тогаш нашата вера е залудна", - напишал св. Павле.



Распнувањето на Исус

**Научи повеќе:**

Верата, љубовта и надежта се основни доблести на христијанството.





Воскреснувањето на Исус

**Размисли и разговарај:**

1. Кој го предал Исус?
2. Раскажи за смртта на Исус.
3. Кој христијански празник е поврзан со овој настан?
4. Напиши состав за овој празник!

**Запомни:**

Овој библиски настан е поврзан со христијанскиот празник Велигден.

# СВЕТА КНИГА ВО ХРИСТИЈАНСТВОТО

**Како се вика христијанската света книга?**

**Библијата** е библиотека од книги, самиот збор ,,библио", значи книги. Ако ја разгледате веднаш ќе откриете дека има два дела: **Стар завет** кој кажува низ приказни за создавањето на земјата и еврејската историја и **Нов Завет** кој е приказна за животот на Исус и неговото учење. Библијата е преведена на 2000 јазици. Постои најмалку по еден примерок во секоја црква. Пишувана е околу 1000 години. Се состои од приказни, песни, псалми, молитви, закони и зборови. Новиот завет се состои од 27 книги: 5 историски книги, 21 послание и Книгата на откровението која е пророштво за иднината. Првите четири книги на Новиот завет се нарекуваат Евангелија , што значи добри вести. Евангелието по Марко е приказна за Исус 40 години по неговата смрт, а евангелијата по Матеј и Лука се слични. Евангелието по Јован пак е напишано подоцна. Втората книга на Новиот Завет се делата на апостолите и посланијата. Таа зборува за првите години на христијанството, каква е пораката и како се шири. Павле кој бил многу важен учител пишувал писма и неговите писма содржат многу учења за раното христијанство. Библијата е најпродаваната книга на сите времиња.



Библија

Наброј неколку имиња на цркви!

Авторите ја пишувале на пергамент и на свитоци папирус. Сите изворни ракописи се изгубени, до нас стигнале само нивните преписи. Вистински стручњаци во средниот век за преписи биле монасите.

**Каде се молат христијаните?**

Местото за молитва кај христијаните се вика Црква. Често се изградени во облик на крст со олтар свртен на исток. Христијанството вклучува и обожавање на Бог преку музика, говор, читање на писма, разни молитви, беседи и разни свети церемонии.

**Научи повеќе:**

*Првата печатена книга е Библијата.
* Првата печатена Библија е на латински јазик.
* Мартин Лутер го превел Новиот завет од грчки на германски. Преведувал повеќе од 100 зборови на ден. Целиот превод го завршил за неколку недели.

*псалма - религиозна песна од Стариот завет



Црква во Севилја



Црква во Охрид



Катедрала

**Размисли и разговарај:**

1. Познавате ли некои уметнички дела кои прикажуваат библиски мотиви?
2. Познавате ли некои случувања и ликови за кои се зборува во Библијата?
3. Наведете некоја книга која содржи прописи и закони! Зошто постојат тие прописи? Замислете ден во кој никој не би ги почитувал прописите. Опиши како би изгледал животот во тој ден!
4. Обидете се да соберете податоци за некој библиски пророк!

# ХРИСТИЈАНСКИ СИМБОЛИ

Крстот ги потсетува христијаните дека Исус умира на него со цел да бидат спасени. Тоа е главниот христијански симбол.

Исус бил столар како и неговиот земски татко Јосиф, но најмногу негови пријатели и следбеници биле риболовци. Рибарскиот брод е симбол на неговите следбеници, има крст на врвот на копјето и првите букви од Христовото име.



Гулабот е симбол на Светиот Дух и на мирот. Голубица се појавила на крштавањето на Исус.



Пабло Пикасо „Детето со гулаб“



Симбол риба - рибата е симбол изработен од грчки букви ИЦТХУС: Исус Христос божји син спасител. ИЦТХУС значи и риба, рибата како симбол се користела најчесто кога христијаните биле прогонувани. Таа била тајниот знак, за да се обележи каде христијаните имаат собир. Често се користи и денес.

**Запомни:**

Симболи на христијанството се: крстот, гулабот, рибата, рибарскиот брод и др.

**Размисли и разговарај:**

1. Нацртај ги симболите и објасни го нивното значење!
2. Зошто рибата била тајниот знак?
3. Заедно со другарчето од класот изберете три нешта кои симболизираат нешто важно во вашите животи!
4. Пробајте да комуницирате една група со друга група преку нацртани симболи, цртеж или слика без да користите зборови или броеви.

# ПРВИТЕ ХРИСТИЈАНСКИ ЗАЕДНИЦИ

**Првата христијанска заедница е формирана во Ерусалим**. Од самиот почеток христијаните наидуваат на силен отпор во израелската средина, па затоа многу членови на христијанската заедница мора да го напуштат Ерусалим. Неговите следбеници апостолите го шират Евангелието по целото средоземје. Христијанската вера во тогашниот свет внела многу новости (еднаквост на сите луѓе, Бог кој ги сака сите, љубовта кон сите и сл.), поради што била прифатена од широките народни маси особено на почетокот од сиромашните слоеви.



Катакомба Де Сан Генеро

Христијанските заедници многу брзо почнале да се прошируваат надвор од Израел и Палестина по сите градови на Римската империја, но и надвор од тие граници (Сирија, Мала Азија, Македонија, Грција, Италија, Далмација и сл.). Во средините каде апостолите го ширеле христијанското учење наидувале на прифаќање, но и на прогонување. Прогонот бил едно искушение за Црквата во услови кога луѓето во овие делови на светот сé уште верувале во пагански божества и принесувале жртви. Исто така и христијаните ги правеле овие пагански ритуали за да го избегнат стравот и притисокот на многубожната средина. Но, имало и многу христијани кои биле измачувани поради својата вера во Исус Христос. За животот на овие христијани најдобро сведочат катакомбите (подземни ходници кои на христијаните им служеле за молитва и погребување). Во тие гробници се наоѓа драгоцено културно наследство за верата и маченицштвото на првите христијани во слики, натписи, гробови и скулптури. Еден од најголемите ранохристијански водачи бил свети Павле. Свети Павле патувал низ целото Римско Царство, основал христијански заедници и го ширел учењето за Исус. **Во 313 година, за време на владеењето на царот Константин, прогласена е верска рамноправност и укинато е прогонувањето на христијаните.** Со поврзувањето на христијанските заедници се формирала христијанската црква.



Катакомби

**Размисли и разговарај:**

1. Каде се појавиле првите христијански заедници?
2. Што се формирало со поврзувањето на христијанските заедници?
3. Објасни за животот на христијаните во почетокот на ширењето на христијанството?
4. Каде се собирале христијаните за да го проповедаат своето учење?

# ИСЛАМ



Исламот е втора најбројна религија во светот со повеќе милиони следбеници
во повеќе од 120 земји. Зборот ислам е од арапско потекло и значи покорување на волјата Божја. Исламот се појавува во почетокот на 7 век на Арапскиот полуотров, а го втемелува пророкот Мухамед помеѓу 610 и 632 година. Во тој период постоеле христијански општини, но на одредени делови имало и припадници на јудаизмот. Следбениците на исламот се викаат муслимани. Втемелувачот на исламот – Мухамед го сметаат за најголем и последен пророк. Тие веруваат дека постои само еден бог, кој се вика Алах. Таа е главна религија на Блискиот Исток, Азија и Северна Африка. Основно во верувањето



Сината џамија (почеток на XVII век) во Истамбул е една од најголемите и најубавите во светот

**Кој е муслиман?**

Муслиман е следбеник на исламската религија.

**Што значи ислам?**

На арапски зборот ,,ислам", значи послушност кон бога, а потекнува од збор кој значи мир.

**Кој е Алах?**

Името Алах муслиманите го користат за врховниот и единствен Бог, кој ги создал сите правила во вселената. Срцта на верата на секој муслиман е покорност кон Алах.

на исламот е еднобоштвото. Исламот е изразита монотеистичка религија. Светата исламска книга е Коранот. Зборовите објавени на Мухамед се запишани во Коранот. Муслиманите многу го ценат моралниот живот. Во основата на исламот се петте столба на верата за кои ќе проучуваме подоцна. Во исламот не се дозволени визуелни прикажувања на Бог, зошто тоа може да доведе до идолопоклонство.

| | |
|---|---|
| Потекло | Саудијска Арабија |
| Основач | Мухамед |
| Света книга | Коран |
| Света градба | џамија |
| Свети места | Мека, Медина, Ерусалим |
| Главни Празници | Курбан Бајрам, Рамазан Бајрам |



Внатрешност на џамија

**Кој е основач на Исламот?**

Пророкот Мухамед, роден во 570 год. од н.е. во Мека, Саудиска Арабија, се смета како основач на исламот. Тој бил последниот пророк пратен од Алах. Сепак прв пророк бил Адам. Има уште многу пророци пред Мухамед кои ги признала исламската религија, вклучувајќи ги: Адам, Ное, Аврам, Исмаил, Исак, Јаков, Јосиф, Мојсеј (Муса), Арон, Давид, Соломон, Илија, Јован и Исус (Иса).

**Научи повеќе:**

Напиши состав на тема: ,,Еден ден во муслиманско семејство”. (Доколку постои можност посетете муслиманско семејство и направете интервју во врска со верувањето, празниците, обичаите и секојдневниот живот.)



Таџ Махал

**Размисли и разговарај:**

Кој е основач на исламот?

Објасни накратко кога и како настанал?

Како се нарекуваат неговите следбеници?

Што значи зборот ислам?

**Запомни:**

Исламот во 7 век го втемелува Мухамед. Тоа е монотеистичка религија: почитува еден единствен Бог кој се нарекува Алах.

# ПРОРОКОТ МУХАМЕД

Кој е Мухамед?

Последниот и најголем пророк, Мухамед, е роден околу 570 година во градот Мека на Арапскиот полуостров. Муслиманите веруваат дека е последен во низата на пророци, но ги вклучуваат како пророци и Аврам, Мојсеј и Исус.

Мухамед прогласил дека Коранот е последна света книга и дека тој е последниот пророк.

Потекнува од сиромашно семејство, двајцата родители му умреле кога имал само шест години. Кога навршил 25 години се оженил со богата вдовица и работел како трговец. Честопати одел во планина да размислува. Една ноќ додека седел на планината Хира, се појавил ангелот (Џибраил) Гаврил и му ја открил пораката од Алах. Тоа се случувало многу години. Се смета дека предадените зборови се запишани во Коранот.

Мухамед почнал да ги поучува луѓето околу него. Во првите години на своето дејствување не се здобива со многу приврзаници, туку напротив



Џамија во Медина

Во првата година Мухамед имал само 8 следбеници. Три години подоцна Мухамед бил проповедник, но верници се уште имало малку, а јавно се плашел да настапи. Во четвртата година тој ја објавил познатата крилатица „Нема друг Бог освен Алах, а Мухамед е негов пратеник“

стекнува голем број на противници меѓу многубожците во Мека. Поради одредени неповолности решава да премине во Медина во 622 год. Медина го привлекувала поради големиот број на свои приврзаници, и затоа што во тој град имало многу Евреи и христијани од кои како од монотеисти очекувал поддршка за своето монотеистичко учење. Тоа преминување од Мека во Медина го означува почетокот на исламскиот календар и се нарекува Хиџра. Мухамед умира на 8 јуни 632 год. и е погребан во џамија во Медина.



Медина

**Научи повеќе:**

Според Коранот - света книга каде се забележани неговите усни проповеди се вели дека Мухамед верските вистини ги добива од самиот Бог преку ангелот Џибраил. Приказните и Беседите им помагаат на муслиманите да го разберат Коранот и учењето од него и да го практикуваат во секојдневниот живот.

**Размисли и разговарај:**

1. Кога и каде е роден Мухамед?
2. Опиши го накратко неговиот животен пат.
3. Кој настан го означува почетокот на исламскиот календар?

**Запомни:**

Мухамед се борел против политеизмот, идолопоклонството и со развивањето на вербата во еден Бог создава духовна основа за единство на разединетите арапски племиња.

# КОРАН

**Како се вика светата книга на исламот?**

Муслиманското свето писмо е Коранот. Се верува дека ги содржи точните зборови на Алах, како што му биле откриени на Мухамед. Мухамед го рецитирал секој стих усно на своите следбеници, кои ги запишувале на се што можеле да најдат, како камења или кора од дрво. По смртта на Мухамед тие биле собрани во една книга. Муслиманските верувања и обичаи се наоѓаат во оваа книга. Муслиманите кон него се однесуваат со голема почит, бидејќи веруваат дека им дава детални совети за тоа каков живот сака Алах да водат. Се обидуваат да го читаат на оригиналниот арапски јазик, јазикот на кој бил откриен.

Постојат збир на правила кои се запишани во Коранот.

Содржи 114 делови (сури). Најдолгата сура има 286 стихови, а најмалата 3. Напишан е на арапски јазик во форма на римувана проза. Муслиманите внимателно слушаат додека Коранот се чита.

Обично тој е поставен на дрвена полица за читање.

Пред допирањето на Коранот претходи ритуал на миење.



Света книга на муслиманите - Коран

**Научи повеќе:**

Коранот се покрива со крпа и понатаму да остане чист и да го заштитат.
Се става на висока полица и над него нема ништо друго.
Пред да го читаат го допираат со чело и ја бакнуваат насловната страна.

**Размисли и одговори:**

1. Како се вика светата книга на муслиманите?
2. Што содржи таа и како се однесуваат кон неа муслиманите?

**Запомни:**

Муслиманските верувања и обичаи се наоѓаат во оваа книга. Муслиманите кон него се однесуваат со голема почит, бидејќи веруваат дека Коранот е даден од Алах и секој збор е свето писмо.




# КАБА

**Светиот храм во Мека - Каба**

Откако Мухамед преоѓа од Мека во Медина, тој ја основа првата општина (Ума)каде проповеда верска толерантност кон Евреите. Сакал да ги обедини Арапите во една моќна држава. Во Мека ги отстранува сите пагански светости и идоли во кои верувале многубошците. Мухамед силно се заложува за еднобоштво и почнува да врши верски обреди врз основа на новата вера. **Каба** е свет храм во Мека сместен врз еден голем црн камен. Според научните сознанија каменот има метеоритско потекло. Претходно старите пагански народи го сметале за светилиште. Подоцна станува свето место на муслиманите од целиот свет. Претставува нивни Божји дом и секоја година муслимани од цел свет доаѓаат на аџилак. Каба е многу важна за секој исламски верник, па и при молитвата во џамиите верниците треба да бидат свртени кон Каба.

**Научи повеќе:**

Во текот на обавувањето на аџилакот, муслиманите вртат седум пати околу Каба и потоа го допираат Црниот Камен.

Во исламската заедница постојат две основни струи: сунити и шиити.

**Размисли и разговарај:**

1. Што е Каба?
2. Каде се наоѓа Каба?
3. Најди го местото на географска карта!

# ПЕТТЕ СТОЛБА НА ИСЛАМОТ

**Кои се петте столба на исламот?**

Тоа се пет должности на секој муслиман кои треба да ги почитува.

Првиот столб е **сведочење** (шехадет), тој гласи: „Нема друг Бог освен Алах и Мухамед како негов пророк". Овој столб е клуч на исламската вера и секој кој верува во овие зборови е муслиман. Муслиманите веруваат дека Алах го создал светот и се во него и дека тој гледа сè, семоќен è и сезнаен.



Сребрена рака што ги симболизира Петте столба на исламот

Вториот столб е **молитвата** (салат). Верникот е должен да се моли пет пати на ден на тој начин што клечи и се поклонува за да ја покаже својата покорност кон Алах. Се молат пред изгрејсонце, напладне, попладне, по заоѓањето на сонцето и навечер. Свечената молитва се изведува во петок во џамија. При молитвата мора секогаш да е свртен кон светиот град Мека.

Третиот столб е давање **милосрдие** (зекат). Ова значи дека секој муслиман кој е богат е должен да даде милостина за потребите на сиромашните, старите и болните.

Четвртиот столб е **постот** (сијам). Муслиманите постат за време на светиот месец Рамазан. Постот се состои во воздржување од храна, пијалоци и др.

Петиот столб е **аџилак** (Хаџ). Посета на светилиштето Каба во Мека барем еднаш во животот за оние кои имаат доволно услови.

Таму аџиите се облекуваат во едноставна бела облека за да покажат дека сите се еднакви. Тие седум пати вртат околу светиот храм Каба, па одат или трчаат меѓу два рида, Сафа и Марва. Потоа одат на планината Арафат, каде што Мухамед ја одржал својата последна проповед.



Ниска од 99 монистри што многу муслимани ја користат при молитвата.

**Научи повеќе:**

Муслиманите низ целиот свет имаат заеднички основни верувања. Тие се наречени петте столба на исламот бидејќи ја поддржуваат исламската вера, исто како што столбовите во џамијата ја потпираат зградата.

**Размисли и разговарај:**

1. Кои се петте должности на секој муслиман?
2. Кои од овие пет столба се прифатливи и за христијаните?
3. Опиши ја третата должност.

# НАЈВАЖЕН МУСЛИМАНСКИ ПРАЗНИК И МЕСТО ЗА МОЛИТВА

**Кои се главните муслимански празници?**

**Рамазан** е деветиот месец од исламскиот календар и време кога муслиманите од целиот свет постат.

Муслиманите веруваат дека вратите на рајот се отворени, а вратите на пеколот се заклучени за време на месецот Рамазан. Во текот на овој празник се читаат стихови од Коранот. Тоа е месец на богослужба и смирување. Време за јакнење на семејството и заедничките врски. Од секој муслиман се очекува дека ќе пости од изгрејсонце до зајдисонце, без да јаде и пие.



Муслимани како се молат.

Празникот **Рамазан Бајрам** се слави по завршувањето на светиот месец. Се празнува со молитва, игри и давање пари за хуманитарни цели.

**Каде се молат муслиманите?**

Муслиманскиот молитвен дом се вика џамија.

Многу често џамиите имаат заоблен кров. Во неа нема слики или скулптури. Тие се украсени со зборови од Коранот на арапски јазик. Муслиманите можат да се молат насекаде, под услов да најдат чисто место и простирка. Инаку учествуваат на заедничката молитва во џамијата во одредено време кога ги повикува оџата од минарето - високата кула на џамијата. Покрај тоа што е место за молење џамијата служи и како центар на заедницата, а има училница каде децата учат да го читаат и рецитираат Коранот. Кога муслиманите одат во џамија ги соблекуваат чевлите



Шарената џамија во Тетово

како знак дека се чисти за молитва. Тука во дворот често се наоѓа фонтана или некоја чешма каде што може да ги измијат нозете, рацете, устата, грлото и сл. Ова го прават како симбол на духовно чистење.  Секогаш кога ја вршат молитвата треба да се свртени кон Мека.

**Кога се одржуваат молитвите?**

Молитвите се одржуваат секој ден во џамија. Свечената молитва се изведува во петок во џамија под водство на имам.



Внатрешност на Шарената Џамија

**Научи повеќе:**

Истражувај за други муслимански празници и обичаи.

**Размисли и разговарај:**

1. Каде се одржува муслиманската заедничка молитва?
2. Опиши една џамија која си ја видел/а.
3. Кој е важен празник во исламот?
4. Дискутирајте за сличностите помеѓу христијанството и исламот.
5. Обој со зелена боја каде се појавува јудаизмот, со црвена каде се појавува христијанството и со жолта исламот.



# ТЕМА 4. ВЛИЈАНИЕТО НА РЕЛИГИЈАТА

- **Верските институции и државата**
- **Помирување помеѓу религиите**
- **Сличности помеѓу религиите**
- **Еднаквоста и достоинството на човекот**
- **Христијанството во Македонија**









# РЕЛИГИЈАТА И ДРЖАВАТА

*свето - таму каде што има религија има доживување и означување на нешто како свето. За свето се означува одредено место или простор (црква, џамија и сл.), како што постои и свето време (постот, одредени празници). За **свети** можат да бидат означени некои зборови, сознанија, вистини и сл.

*световно - она што има различна природа од светото. Тоа е реалното, земското, она на кое не му се придава натприродна моќ.

Зборот *секуларизација* потекнува од латинскиот збор saekulum кој првобитно означувал човеково време, век. Секуларен значи повеќе да се биде насочен на овоземските работи отколку на религиозните прашања. Поимот секуларизација почнува да се употребува за **одделување на верските институции од државата**. Поконкретно поимот секуларизација значи објаснување на светот со самиот себеси без објаснување на светот со натприродна сила. Преовладуваат реалните вредности за доброто, убавото и праведното, а истовремено слабеат религиските вредности. **Секуларизацијата** значи повлекување



Влада на Република Северна Македонија

на религијата од државната власт во верските заедници. Религијата станува дел од приватното право и животот на луѓето. Голема улога во одделувањето на верските институции и државата одиграла **Француската буржоаска револуција** (1789). Дотогаш црквата била дел од власта, а кралевите ја оправдувале својата власт со божјата волја. Луѓето незадоволни од власта на кралевите подготвувале бунт (револуција). Револуцијата била изведена со цел да се изедначат правата на граѓаните.



Собрание на Република Северна Македонија

**Научи повеќе:**

Религијата многу векови била  единствен начин на сфаќање на светот. Светот околу нас или реалниот свет долго време не бил единствен реален свет, туку само појава зад која стои некоја виша сила, односно Бог.









Нашата држава е секуларна. Тоа значи дека државата нема право да се меша во црковните, ниту пак црквата да се меша во државните работи

**Размисли и разговарај:**

1. Зошто е потребно одделувањето на верските институции од државата и власта?
2. Направи споредба по што се разликува светото од световното?

# ДВИЖЕЊЕ ЗА ПОМИРУВАЊЕ



Папата Јован Павле II е првиот папа што влегол в џамија

**Научи повеќе:**

Трагичните поделби помеѓу христијаните често биле проследени со нетрпеливост и исклучување, па дури и меѓусебни војни. Дури во 19 век започнува меѓусебно зближување на црквите наречено екуменско движење.

После Втората светска војна, во Женева е формиран и Светски совет на црквите. Главната идеја на овие движења е повторно соединување.

Христијанската црква била единствена сè до 1054 година кога се дели на Источна и Западна односно Православна и Католичка, а во 16 век од Католичката се одделува Протестантската црква.

Иако разединети христијаните никогаш не престанале да се молат за своето единство и за единството на Христијанската црква. Таа заложба која вродила со плод за меѓусебно приближување и уважување на христијанските цркви се нарекува **екуменско движење**.

**Екуменизмот** е настојување за помирување, соработка, зближување и единство на сите христијански цркви. Во него се нагласува рамноправноста, единството, дијалогот помеѓу сите христијански цркви. Екуменското настојување како пат кон христијанско единство е изразено преку:

- обраќање на сите христијански заедници трајно да се свртат кон евангелието бидејќи различните толкувања на евангелијата се причина за сите поделби;
- духовен екуменизам - задничка молитва за единство на сите христијански цркви кои денес се разделени;
- дијалог преку љубов - братски средби и запознавање кои се важни за создавање меѓусебна љубов и доверба;
- соработка - заеднички акции за промовирање на општо добро и служење на луѓето;

Екуменизмот се залага за откривање на заедничкото и отстранување на она што ги разделува христијанските цркви и верници.

**Запомни:**

Екуменизмот не значи прикривање на верските различности туку откривање на заедничкото и отстранување на она што ги разделува верниците. Преку дијалог, соработка и љубов.

**Размисли и разговарај:**

1. Кои причини ќе ги наведеш како мотив за појавата на движењето за помирување?
2. Дискутирај за причините кои доведувале до меѓуверски војни!
3. Наведи примери, кои покажуваат меѓуверска соработка на нашите простори!
4. Направи фото постер од ваквите примери!

# ЗАЕДНИЧКОТО ПОТЕКЛО НА МОНОТЕИСТИЧКИТЕ РЕЛИГИИ

Секоја од трите монотеистички религии, содржи збирка од свети книги. Тие се основа на верувањето на секој верник без разлика дали е евреин, христијанин или муслиман. Сите три религии имаат божја објава како што е тоа случајот со Аврам или Мојсеј во еврејската религија, Исус во христијанската религија или, пак, Мухамед во муслиманската религија. Иако делува сосем различно сите три религии, во основа, го признаваат истиот бог. Во практиката тоа се премолчува и одредени веронауки не признаваат дека, всушност, евреите, христијаните и муслиманите **веруваат во еден ист единствен бог**. Тоа е оној бог кој во Стариот завет е Јахве, христијаните го именуваат со Господ - отецот, а муслиманите со Алах. Сите религии даваат морални насоки за живеење на своите следбеници. Секоја вера ги опишува животот, љубовта и семејството како најголема светост и се заложува за нивна заштита.



Во сите монотеистички религии е истата Божја создавачка сила

Секоја религија осудува било каков облик на повредување кое се спроведува поради раса, вера, општествена положба и сл.

**Размисли и разговарај:**

Дискусија за прашањата:

1. Дали има судири таму каде што живеете? (Обиди се да ги убедиш своите соученици дека усогласеното решение кое ги зема предвид интересите на сите е најдобриот пристап во вакви случаи).
2. Што би направиле за да ја зголемите соработката меѓу припадниците на различна вероисповед?

**Научи повеќе:**

Во историјата на религиите се испреплетуваат истите ликови кои имаат различни имиња. На пр. Ное (Нуха), Аврам (Ибрахим), Мојсеј (Муса), Исус (Иса) и др.

**Запомни:**

Поврзувањето на луѓето од различни религии е потреба за да се зачува мирот во светот. Човекот е социјално суштество, луѓето не можат да живеат едни без други.

# ЕДНАКВОСТА И ДОСТОИНСТВОТО НА ЧОВЕКОТ

Соживотот на луѓето е можен само тогаш ако другиот го почитуваме, ако го сметаме за рамноправен на себе, ако посакуваме еднаквост, правда и мир помеѓу луѓето. Тоа се темелни вредности за мирен и праведен живот во светот. Едно од основните барања на нашето време е почитување на човековите права кои почиваат на **еднакво достоинство** на сите луѓе без разлика на бојата на кожата, верската припадност, националноста, материјалната состојба или општествениот статус. Но сепак, секојдневно забележуваме како се кршат човековите и верските права. Многу често преку однесувањето на луѓето може да се забележи дека за нив постојат ,,повеќе" или ,,помалку" вредни луѓе. Луѓето не се ценат според вистинските вредности како што се знаењето, моралните доблести и сл., туку според моќта и богатството што го имаат. Ваквото однесување можеби е главната причина за неправдите во светот. Во светот има голем број неправди, сиромаштија, глад, невработеност,

**Научи повеќе:**

Напиши есеј за хуманите активности на Тоше Проески!





Музеј на Мајка Тереза

расна и полова дискриминација, искористување на децата и сиромашните. Можеби не можеме да влијаеме на овие неправди, но можеме да ги намалиме неправдите во своето опкружување. Да им помогнеме на другите со тоа што ќе им помогнеме секогаш кога им е потребно, да ги заштитиме кога се загрозени, да бидеме солидарни со оние кои страдаат. Човековата историја е исполнета со постојани судири помеѓу народите. Милиони луѓе ги имаат изгубено своите животи во сурови војни. Најголем дел од овие војни во основа се меѓурелигиски. Се мисли дека со оружје може да се воспостави мир во светот, но мирот не се воспоставува со оружје, туку со правда, уважување на другите, почитување на туѓата сопственост и сл. Затоа најсилно оружје во борбата за мир е љубовта.



Мисијата на Мајка Тереза

Голем број верски институции имаат донирано средства за изградба на болници, детски центри за помош, училишта, медицински апарати како и секојдневна помош на сиромашните и загрозените лица.

**Размисли и разговарај:**

1. Посочете некои личности значајни за меѓурелигиската соработка и нивниот придонес за човештвото.
2. Замоли ја наставничката да ви објасни за мисијата на простување на папата Јован Павле, мисијата на Мајка Тереза, факелот на мирот и сл.

# РЕЛИГИОЗНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Христијанството на територијата на Македонија

Христијанството во Македонија се јавува во првиот век од нашата ера, кога оваа територија ја посетил **апостол Павле** и формирал христијански заедници. Тоа бил период кога Македонија била под Римско Царство. Во тој период римската управа не го дозволувала прифаќањето на христијанската вера и христијаните биле прогонувани. **По признавањето на христијанството како официјална религија и во Македонија се организира црква.** Најголемо влијание во ширењето на христијанството имало делото на браќата Кирил и Методиј. Со формирањето на првиот универзитет во Охрид започнува преведувањето на делови од Библијата, црковни книги и житија. Од особена важност за писменоста и ширењето на христијанството е

**Научи повеќе:**

Борбата за самостојност на Македонската Православна Црква бранејќи се од бугарската, грчката и српската црковна политика, продолжила до втората половина на 20 век. Распаѓањето на турската империја и потпаѓањето на Македонија под српска власт во Кралството Југославија значело и потпаѓање на црквата под српската православна црква. По Втората светска војна, Македонија, откако се изборила за својата сувереност во рамките на СФРЈ, го започнува прашањето за автономија на МПЦ.





Споменик на Св. Кирил и Методиј во Охрид



Св. Пантелејмон, Скопје

делото на **Климент** и **Наум**, како и дејноста на другите ученици кои произлегле од Охридската школа. Подоцна низ вековите има многу настани кои влијаеле и врз црковниот живот на територијата на Македонија. Својата целосна самостојност Македонска Православна Црква ја изгласала на 17 јули 1967 година на Третиот црковен собир во Охрид, како наследник на Охридската архиепископија. Првиот поглавар на Македонската Православна Црква бил **митрополитот Доситеј**. На 12 ноември 2009 г. МПЦ во своето име додава „Охридска архиепископија" како директна наследничка на старата Охридска архиепископија (МПЦ-ОА).

**Исламска Верска Заедница во Република Северна Македонија**

Исламската Верска Заедница во Република Северна Македонија, е верска организација на сите муслимани кои живеат на просторот на Република Северна Македонија. Таа е одговорна институција за развојот на верскиот живот на муслиманите; го организира одржувањето на верски работи на верниците и ги одредува нивните задачи и обврски. Таа ги штити и негува моралните, социјалните, економските, културните, образовните и другите вредности на нејзините припадници. **Исламската Заедница ги претставува муслиманите од ова поднебје во земјата и странство и ги штити нивните интереси во сите области од животот**. Од појавата на Исламот на нашиве простори, муслиманите од Македонија биле неделива исламска духовна целина, кои ги наследиле учењата на Коранот. За да ги реализираат своите верски задачи, муслиманите се поврзале со единствената Исламска заедница, независно од нивната национална или етничка припадност. Цел на Исламската Верска Заедница (ИВЗ) во Република Северна Македонија е подигање на верската свест, организирање и оживување на Исламот.

За да се подобри меѓусебната соработка и информираност помеѓу верските заедници во Македонија, како и да се информира јавноста за нивните активности се одржуваат **Деновите на верските заедници**.

Покрај овие верски заедници постојат и католичката црква, евангелиско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници во Република Северна Македонија кои имаат право слободно да ја практикуваат својата вера.



Илустрација на Омаровата џамија во Ерусалим

Минатото на човековата цивилизација сведочи за голем број примери на религиска нетолеранција. Поголема нетолеранција постоела во далечното минато, но наредните генерации не секогаш учеле од грешките од минатото. Патот кон толеранција и соработка во општеството се развивал со мали, но постепени чекори, а напредокот не бил секогаш рамномерен. Ако во некој историски период постоела толеранција, таа била ограничена само помеѓу некои религиски заедници. Дури во современата цивилизација доаѓа до степен на толеранција која може да ги задоволи сите религиозни заедници.

Запознавањето и прифаќањето на религиозните разлики на луѓето е начин да создадеме пријатен и мирен свет.

**Размисли и разговарај:**

1. Кои личности одиграле голема улога во ширењето на христијанството?
2. На кој црковен собир е изгласана самостојноста на МПЦ?
3. Кој е придонесот на браќата Кирил и Методиј за ширењето на христијанството.
4. Дали сметате дека Деновите на верските заедници се корисни и потребни?
5. Какви други верски заедници, покрај МПЦ-ОА и ИВЗ постојат во РС Македонија?
6. Каква е улогата на ИВЗ за верскиот живот на муслиманите во РС Македонија?

# ЛЕКСИКОН НА ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ПОИМИ

## А

***апостоли**
-види дванаесетмина

***Аврам**
-според Библијата Аврам е прв од тројцата патријарси (пратактовци) на израелскиот народ. Живеел околу 1850 година пр.н.е. Тој се нарекува ,,татко на Израел".

***Алах**
-според исламското верување тоа е лично име за бог. Алах е единствен бог, вечен и семоќен создавач на светот.

***атеисти**
-луѓе кои не веруваат во постоење на бог или божества.

## Б

***Библија**
-Библијата е светата книга за евреите и христијаните. Библијата е збирка од повеќе книги, која содржи вкупно 73 книги; 46 книги на Стариот завет и 27 книги од Новиот завет. Времето пред Исус се нарекува стар сојуз (завет). времето по Исус се нарекува нов сојуз. Христијаните ги прифаќаат и Стариот и Новиот завет, а евреите само Стариот завет.

***божества**
-име за богови или духови во примитивните религии кои владеат со светот или со природните сили.

## В

***ветената земја**
-ветената земја е Палестина, од која бог го изнесува Аврам. Израелскиот народ силно верувал дека бог им ја дарувал таа земја како незаслужен дар, за да може во неа да живее како божји избран народ, кој на светот ќе ја објави божјата добрина и љубов кон сето човештво.

## Г

***грев**
-грев е зло кое луѓето го прават свесно и своеволно (слободно) во однос спрема бог и ближните.

***Декалог**
-другото име за десетте заповеди запишани на две камени плочи што Бог му ги дал на Мојсеј на Синајската гора. Заповедите се со различна содржина; првите три зборуваат за обврската кон бог, а останатите седум за односите кон своите блиски.

***дванаесетмина (апостоли)**
-уште на почетокот на своето учење Исус меѓу своите ученици избрал дванаесетмина посебни соработници и пријатели кои ги нарекол апостоли. Со тоа Исус означил дека сака да основа нова заедница на верници - црква, нов избран народ, нов Израел (израелскиот народ се состоел од дванаесет племиња). Нивните имиња се: Симон и неговиот брат Андреј, па Јаков и Иван рибари, Филип и Вартоломеј, Тома и Матеј, Јаков и Тадеј, Симон и Јуда Искариотски.

## Е

***екуменизам**
-во христијанството, настојување околу помирувањето, соработка, зближување и единство на христијаните.

***евангелија (книги)**
-четири евангелија (по Матеј, Марко, Лука и Јован) на различен начин го опишуваат животот, учењето и дејствувањето на Исус.

## И

***идол**
-предмет, статуа или слика на која и се припишува божја моќ и кон која се искажува поклонување како кон бог.

***ислам**
-една од големите светски монотеистички религии. Верување кое се темели на Коранот, кој е објавен на Мухамед. Во исламот има пет должности или пет столба: 1. исповед на верата; 2. обредна молитва; 3.рамазански пост; 4. задолжителен верски принос (зекат); 5. аџилак во Мека (хаџ).

***Исус**
-Исус (hebr.Jesuah, спасител, спасување), името на Исус од Назарет, втемелувач на христијанството. Се родил во Витлеем између 7 и 4 год. пр.н.е. Умира распнат на крст во 30-та година, воскреснал од мртвите и отишол на небото. Исус не напишал ништо, а неговите пораки (евангелијата) ги забележале неговите ученици, апостоли и евангелисти, во Новиот завет.

***избран народ**
-израелскиот народ бил свесен дека Бог на посебен начин ги избрал, дека со нив бог склучил сојуз. Израелскиот народ го нарекуваме стар, избран божји народ. Исус ја основал црквата во која се повикани сите луѓе да се соберат во еден божји народ.

***Израел**
-израелскиот народ го добил името по патријархот Јаков, синот на Исак, кој се викал Израел и од кој потекнуваат дванаесетте израелски племиња. Израелскиот народ уште се нарекува и еврејски или хебрејски.

## Ј

***јудаизам**
-еврејска вера.

***Јахве (JHVH)**
-најчесто име за Бог во Стариот завет. Значи ,,Тој", сум кој што сум. Израелците не смееле да го изговараат тоа име, наместо тоа изговарале Адонај т.е. господин.

## К

***катакомби**
-подземни ходници кои на првите христијани им служеле како гробници и место за молитва. Најпознатите катакомби настанале во Рим, Неапол и Александрија.

***ковчегот на сојузот**
-ковчегот на сојузот многу често се спомнува во Стариот завет. Во него се чувале плочите со десетте заповеди кои ги потсетувале Израелците на синајскиот сојуз.

***Коран**
-Коранот е светата книга на исламот. Според учењето на исламот ја содржи божјата објава. Пишуван е на арапски јазик. Се дели на 114 сури (поглавја).

***Каба**
-исламско главно светилилиште и место каде што муслиманите одат на аџилак, во Мека.

## М

***магија, празноверие**
-верување во постоењето на натприродни сили на кои човекот може да влијае со различни обреди за постигнување на одредени добри или штетни цели.

***мисионер**
-во христијанството, личност која ја проповеда христијанската вера.

***Мојсеј**
-Мојсеј, еврејски верски водач и законодавач, живеел 13г. пр.н.е. Според Библијата, тој е посредник помеѓу бог и хебрејскиот народ, најголемиот нивни пророк кој ги изнел од египетското ропство, преку Црвеното море и Синајската пустина до канаанската граница. На Синај ги примил плочите на законот ( десетте заповеди) и ги објавил на својот народ како основен верски закон втемелен на сојузот помеѓу Јахве и Израел.

***Монотеизам**
-верување во постоењето на еден бог кое исклучува постоење на други богови. Монотеистички религии се христијанството, јудаизмот и исламот.

***Мухамед (570-632)**
-Алахов пратеник и основач на исламот. Проповеда монотеистичка религија чии главен извор е Коранот.

***Мека**
-свет град на исламската религија кој се наоѓа во Саудиска Арабија, родна земја на Мухамед.

*минаре

-висока и тенка кула на џамијата. Од која муслиманите ги повикуваат на молитва.

**Н**

***Назарет**
-град во покраината Галилеја, градот каде живеел Исус.

**П**

***пагани**
-припадници на политеистичките религии.

***параболи**
-убави приказни во кои главните мисли се изрекуваат со сликовити споредби. Тие изнесуваат некоја религиозна и морална поука.

***Пасха**
-Пасха е грчки збор создаден од хебрејското pesah, што значи преоѓање. Пасха е главниот еврејски празник. бил многу стар и најверојатно постоел

уште пред Мојсејовото време. На тој ден овчарите му принесувале жртви на Бог. Подоцна овој празник е доведен во врска со излегувањето на Израелците од египетското ропство на слобода. Еврејската Пасха се слави седум дена, а започнува со пасхална вечера (гозба).

*папирус
-материјал за пишување во стар Египет, сличен на хартијата.

***политеизам**
-повеќебоштво. Признавање и верување во повеќе богови.

***псалми**
-псалми (од грч.псалмос = пеење или песна со жичан или гудачки инструмент), се збирка од 150 библиски старозаветни песни.

***пророк**
-според Библијата се луѓе кои Бог ги обдарил со посебни способности.

**Р**

***рабин**
-еврејски верски учител.

***религија**
-учење кое се однесува на највисоките битија (божества, бог).

***религиозност**
-верување во бог, љубов кон бог, живеење во согласност со прописите на верата.

***Рамазан**
-деветти месец во исламската година, според чии закон се пропишува строг пост на верниците.

## С

***Сабат**
-во еврејската религија, ден посветен на Бог. Сабат е ден за одмор и молитва.

***Синагога**
-место на собирање на еврејската заедница за молитва.

## Т

***Талмуд**
-голема збирка на записи за рабинското толкување на Тората; Содржи мисли и коментари на рабинското толкување на Тората.

***Толеранција**
- Трпеливост кон туѓите сфаќања, иако човек не мора со нив да се согласува, особено по верските прашања и сл.

***Тора, Закон, Петокнижие**
-Евреите, христијаните и многу други, посебно почитување искажуваат на Законот (хебрејски Тора) или Петокнижие на Мојсеј. Таа е збирка од пет свети книги во кои се содржат најважните случувања од религиозната историја на избраниот народ.

## Ф

***Фараон**
-име за древните египетски владетели. Во склад со египетското верување, фараонот се погребува во пирамиди каде продолжуваат да живеат и по смртта и од каде ќе се искачуваат на небото. Се спомнуваат и во Библијата, во описот на Аврам, Јосип, Мојсеј, Давид и Соломон.

## Х

***христијани**
-христијаните се ученици на Исус Христос и верници. Името христијанин (grc. hristianos), доаѓа од името Христ (grc. Hristos=Pomazanik). Христијаните денес се припадници на најбројната верска заедница. Припадници се околу 35% од вкупното население.

***Хиџра**
-преселбата на Мухамед и неговите следбеници од Мека во Медина во 622 година.Тоа е почетна година во исламската вера.

***Ханаан ( Ханаанска земја)**
-во светото писмо Ханаанска земја се нарекува дел од Палестина западно од државата Јордан. Израелците, Ханаан, ја нарекувале ветена земја бидејќи бог им ја ветил на израелскиот народ.

## Ц

***црква**
-заедница на луѓето кои веруваат во Исус Христос. Здание во која христијанската заедница се собира на богослужба.

## Џ

***џамија**
-место за молитва каде се собира муслиманската заедница.

## СОДРЖИНА

**ОРЕДЕЛБА НА РЕЛИГИЈАТА ........ 7**

Религиозност ........ 9
Што е религија? ........ 11
Определување на поимите политеизам и монотеизам ........ 13
Кога и каде настанале првите религиски верувања ........ 15
Човек - природа - природни сили ........ 17
Соработка и поврзаност, наместо разединетост ........ 19
Човештво ........ 21
Религијата и етиката ........ 23

**ПРВИТЕ РЕЛИГИОЗНИ ВЕРУВАЊА ........ 25**

Анимизам ........ 27
Тотемизам ........ 29
Систем на посебни забрани - табу ........ 31
Бајка ........ 32
Што се митови? ........ 34
Митолошки суштества ........ 38
Магија ........ 41
Магија, религија, наука ........ 42

**ГОЛЕМИТЕ СВЕТСКИ РЕЛИГИИ ........ 45**

Јудаизам ........ 47
Завет - спогодба ........ 49
Создавањето на светот ........ 50
Животот на Мојсеј ........ 52
Света книга на Евреите ........ 54
Божјите закони - Декалог ........ 56

Ѕидот на плачот ... 58
Симболи и молитва во Јудаизмот ... 60
Еврејски празници ... 64
Христијанство ... 66
Ѕвездата над Витлеем ... 68
Апостоли ... 70
Беседа на гората ... 72
Исусовите чуда ... 73
Распетието и воскреснувањето на Исус ... 74
Света книга во христијанството ... 76
Христијански симболи ... 78
Првите христијански заедници ... 79
Ислам ... 80
Пророкот Мухамед ... 82
Коран ... 84
Светиот храм во Мека - Каба ... 85
Петте должности на исламот ... 86
Најважен муслимански празник и место за молитва ... 87

**ВЛИЈАНИЕТО НА РЕЛИГИЈАТА ... 89**

Религијата и државата ... 91
Движење за помирување ... 93
Заедничко потекло на монотеистичките религии ... 94
Еднаквоста и достоинството на човекот ... 95
Религиозните заедници во Република Северна Македонија ... 97

**ЛЕКСИКОН НА ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ПОИМИ ... 100**